| | Сообраќајни знаци и правилно однесување на раскрсница | crossroad, traffic lights, pedestrian crossing, traffic police … | Презентирање на сообраќајни знаци преку постер, флеш карти или слика; цртање на сообраќајни знаци; учење на преснички проследени со ТПР „Сиренс”; вежба од типот симулација (учениците се ставаат во улога на пешак или омиленото сообраќајно средство кое се движи на коловозот); игри од типот Wordbox, Traffic lights, Sirens game и сл. |
| | • Основни математички операции | plus, minus, equals, … | Активности од типот на пеење песни со броење “Five currant buns”; игри со броење “Fish and chips” (Учениците седнати во круг почнуваат со броење до 100.Кога некој стигнува до бројка која содржи или се дели со 5 вика fish, а кога стигнува до бројка која содржи или се дели со 7 вика chips. Ако бројката содржи или се дели со 5 и 7 вика fish and chips) и др. |
| | Време:<br>• делови од денот<br>• единици за време | morning, afternoon, evening,…<br><br>o’clock, half past , a quarter to/ past … | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото; вежби од типот поврзување на дадена слика со име на даден дел од денот; активности од типот на водење дискусија на тема: Мојот омилен дел од денот; пеење преснички и сл. |
| | На лекар (здравствени тегоби) | a sore throat, a headache, a temperature, a stomachache, cold … | Активности од типот на опишување на слики на тема поврзано со тегоби; игри со симулација “Going to the doctor’s”; учење на преснички проследени со TPR „Miss Polly had a dolly” и сл. |
| | Празници:<br>• опишување на активностите поврзани со празниците и споредување на обичаите | Halloween - jack-o’-lantern, trick or treat, …<br>Christmas- carols, tree,…… presents, crackers, pudding, …<br>Easter- eggs, basket, bunny, … | Активности од типот симулирање на говорна ситуација на тема Празници; изработка на честитки за одредени празници; симулација на претстава по повод одреден празник; учење на преснички; римувалки и сл. |

| ГРАМАТИЧКИ СТРУКТУРИ[3] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот да ја препознава формата на Present Continuous Tense со идно значење во потврдна форма. | Пресент Continuous Tense со идно значење во потврдна форма | He's visiting his grandparents this weekend. | Активностите и методите кои ги сугерираме можат да се применат во сите наведени содржини во граматиката согласно барањата за изучување на граматичките структури. Активности кои се сугерираат за реализација на содржините од граматиката се следните:<br><br>• слушање на исказ од наставникот и невербално реагирање на истиот (мимика, гестикулација, TPR;<br>• вежби од типот на вербално реагирање на поставено прашање;<br>•- вежби со користење на илустрации, флеш карти и постери;<br>• користење на реалија како средство за реализација на одредени содржини од граматиката;<br>• игри со броење, цртање, подредување;<br>• песнички. |
| • Ученикот да ја препознава, разбира и употребува формата на Present Continuous Tense со идно значење во потврдна форма. | Present Continuous Tense со идно значење во потврдна форма | They're making a pizza this evening | • играње по улоги и симулации на дадени ситуации и сл.<br>• Активност од типот Jazz Chants. |

[3]Граматичките структури никогаш не се толкуваат експлицитно, туку нив учениците ги усвојуваат глобално во предложени јазични структури.

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Ученикот да ја препознава формата на Present Continuous Tense (сегашно време) со идно значење во прашална форма за планирање на идни дејства. | Present Continuous Tense со идно значење во прашална форма | What are you doing this weekend? | |
| • Ученикот да може да ги препознава прилозите за време на Present Continuous Tense (сегашно време) со идно значење. | Прилози за време на Present Continuous Tense со идно значење | tomorrow, on Sunday, next week | |
| • Ученикот да може да ја препознае разликата помеѓу Present Simple Tense и Present Continuous Tense. | Разлики помеѓу Present Simple Tense и Present Continuous Tense | Ana walks to school every day. She's walking to school now. | |
| • Ученикот да ги разбира и препознава прилозите за време на Present Simple Tense и Present Continuous Tense. | Prilozi za vreme na Present Simple Tense i Present Continuous Tense | usually, sometimes: now, at the moment | |
| • Ученикот да ја разбере и препознае разликата кај бројните и небројните именки и правилно да ја применува. | Бројни и небројни именки | a sandwich; sugar, fruit | |
| • Ученикот да ги препознава и правилно употребува главните броеви (1-100) и редните броеви (1-10). | 1-100<br>first, second......tenth | | |
| • Ученикот да ги препознава и правилно применува описните придавки. | Описни придавки | small, big, noisy, quiet..... | |
| • Ученикот правилно да ја разбере и применува учтивата форма на would за усна комуникација | Формата would | Would you like to go to the cinema? | |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Ученикот да може да го препознае значењето на going to формата за искажување на идни желби и планови. | Формата going to | I'm going to be a doctor. | |
| • Ученикот да може да ги разбира,препознава и правилно да ги применува прилозите за место. | Прилози за место | Next to, beside…. | |
| • Ученикот да може да го разбере и препознае значењето на must во контекст на извршување на обврска, како и за искажување строга забрана. | Must; mustn't | You must study!<br>You mustn't cross the street on red light. | |
| • Ученикот да ја препознава и правилно употребува формата на глаголската именка (Gerund) за искажување на хоби и интереси. | Глаголска именка (Gerund) | I like playing computer. | |
| • Ученикот даја препознава и правилно да ја применува разликата помеѓу How much и How many во контекст на бројни и небројни именки. | How much i How many | How much sugar do you need?<br>How many oranges do you need? | |

| ЈАЗИЧНИ ФУНКЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот:<br>• да може да води едноставна комуникација во соодветни говорни ситуации со примена на јазичните функции на ова ниво на изучување на јазикот, односно блиски на неговата возраст. | Претставување и давање основни податоци за име, адреса, возраст, телефонски број, националност | What`s your name?<br>I`m Ana.<br>I’m from Skopje.<br>I’m 12.<br>I’m Macedonian.<br>My telephone number is.... | Игри во двојки (водење дијалог).<br>Активности во групи и драматизации. |
| | Модели на културно однесување | Here you are!- Thanks/Thank you very much- You are welcome<br>Can I borrow your pen, please? | Увежбување на јазичната функција преку работа во двојки (симулација по дадена ситуација), драматизација и сл. |
| | Прашување и кажување на време | What’s the time?<br>What time is it?<br>It’s nine o’clock.<br>It’s half past ten. | Увежбување на јазичната функција преку работа во двојки. |
| | Искажување секојдневните обврски | I get up at seven o’clock.<br>I always walk to school.<br>I have piano lessons on Saturdays. | Активности од типот вербално искажување по дадени слики и постери. Активности од типот мимики и пантомими. |
| | Искажување планови | I am visiting my grandparents this weekend.<br>We are watching a cartoon on Saturday. | Вежби со флеш карти, работи во двојки , симулација и сл. |

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| | Опишување на градот и неговите обележја | My town is small and very clean.<br>A small river flows in the middle of it.<br>There are two cinemas and a theatre. | Активности од типот вербално искажување по дадени слики, работа во двојки или групи, прашања и одговори во врска со мојот град; Guessing game и сл. |
| | Барање и давање информации за правец | Where is the bank?<br>The bank is next to the post office opposite the cinema. | Активности од типот вербално искажување по дадени мапи и сл. |
| | Искажување болка | I have a headache.<br>He has a cold. | Активности од типот вербално искажување , мимики, драматизација и сл. |
| | Заблагодарување и извинување | Thank you very much.<br>Thanks.<br>You're welcome.<br>Sorry!<br>Excuse me!<br>I'm really sorry. | Активности од типот работа во двојки и сл. |
| | Кажување на простите и редните броеви и математичките операции со нив | What's your phone number? | Работа во двојки и сл. |
| | Посакување пријатни празници, искажување активности поврзани со нив | Have a nice holiday!<br>Have a nice weekend!<br>Happy New Year!<br>I send Christmas cards to my friends.<br>We colour eggs for Easter. | Симулирање на говорна ситуација на тема празници (училиштен распуст, национални и верски празници и др.).<br>Изработка на честитки за одредени празници,симулација на претстава по повод одреден празник и сл. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| | Поставување прашања со Why, Which и How. | Which is your favourite subject?<br>Why are you so happy?<br>How do you come to school? | Поставување прашања и и давање одговори (работа во двојки). Поставување прашања по дадени слики или прочитан текст. |
| | Нудење, прифаќање, одбивање, | Would you like an apple?<br>Yes, please.<br>No, thanks. | Работа во двојки и сл. |

| СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>• да може да го разбере значењето на лексичките единици предвидени за изучување на оваа возраст; | Лексичка единица | small, big, noisy, …<br>pollution…..<br>building, street, zoo, bank,…<br>crossroads, traffic lights, …<br>first, second, plus, minus…<br>morning, o'clock, …<br>a sore throat, a headache, …<br>Halloween, St. Valentine's Day, jack-o'-lantern, | Невербално реагирање на: говорен поттик, слики, постери, флеш карти; игри од типот Word chain, Fish and chips, Going to the doctor's; песни (пр. In and out the shops and houses); римувалки и сл. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да може да разбере едноставни куси искази;<br>• да може да ги разбира основните намери на својот соговорник. | Едноставни куси искази | I sometimes go to bed at 10 p.m.<br>It often rains in autumn.<br>An apple a day keeps the doctor away! ...<br>Stop - pollution!<br>Skopje is a noisy city.<br>Twenty plus sixty is eighty.<br>Cross the road on green light.<br>It's half past three.<br>I've got a sore throat. | Вежби од типот на соодветно реагирање на слушнати искази (од аудиозапис или од наставникот, на пр.: движење на телото, мимика); невербално реагирање на инструкција/ исказ од наставникот и сл. |

| ГОВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>• правилно да ги изговара и соодветно да ги применува лексичките единици во едноставни куси искази предвидени за ова ниво за изучување на јазикот во рамките на предвидените јазични функции и граматички структури. | Мојот свет<br>• секојдневни обврски и активности | I sometimes go to bed at 10 p.m.<br>It often rains in autumn. | Активности од типот на вербално повторување и продуцирање на едноставни исказни реченици преку: играње по улоги, бројалки,<br>рецитирање и пеење, по можност проследено со движења, учество во кратки дијалошки ситуации, драмски изведби и раскажување приказни како потврда за усвоеност на лексиката и структурите. |

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| | Здрава исхрана, здрав живот | An apple a day keeps the doctor away!<br>Stop - pollution! | |
| | Мојот град и моите омилени места | Skopje is a big city.<br>My favourite place is Ohrid. It's by a lake. | |
| | На лекар | How do you feel today?<br>I don`t feel well. A have stomachache. | |
| | Делови од денот | Do you go to school in the morning or in the afternoon?<br>In the morning. | |

| ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги препознава и чита фонетските симболи;<br>• да ги воочува разликите меѓу писмото и изговорот на почесто употребуваните зборови;<br>• да се оспособи да чита со разбирање куси реченици, дијалози и куси текстови;<br>• да чита и разбира упатства, инструкции, натписи и пораки;<br>• да го препознава и разбира значењето на инерпункцијата;<br>• читање со идентификување на конкретни информации во даден текст. | Англиската азбука<br>Вокабулар<br>Читање со разбирање на едноставни куси искази (куси дијалози, прашања и одговори и куси описи)<br>Упатства, инструкции, натписи, пораки и сл.<br>Основните интерпункциски знаци<br>Конкретни информации во даден текст | English alphabet<br>home, house, school, sport, chess,<br>I go to schoo by car.<br>My friend has a cat.<br>There are nine posters.<br>Our school is nice.<br>Describe your town/city......<br>I live in Prilep . It is a big town and ......... There are many streets in my town, nice park, schools and......<br>How do you go to school?<br>Do you go to school by bus.?...The bus waits at the traffic lights.....<br>Our cousins live in London.<br>Tina has a pen friend in New York.<br>The exit is on the left.<br>Menu, Stop at the red light.....<br>I am very happy.<br>Have a nice holiday!<br>How do you feel? | Вежби од типот на гласно читање (во група и индивидуално); активности од типот на поврзување на зборови со слики и предмети; поврзување на едноставни куси реченици со слики; стимулирање на читање со разбирање (користење на флеш карти, сликички, постери. Вежби од типот True/False итн.). |

| ПИШУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• правилно да ги пишува зборовите што претходно биле усвоени за изговор и читање;<br>• да пишува правилно едноставни реченици, пораки и сл. од аспект на структура и интерпункција (точка, запирка, прашалник и извичник). | • Англиската азбука<br>• Правилно пишување на зборови по спелување<br>• Едноставна реченица, порака и сл. | book, desk , bus, car<br>nice, night, nine, desk, book, school, bed, door, window,<br>I live in a town.<br>Prilep is a big town.<br>My favourite place is Mavrovo. It's in the mountains……<br>Come to my birthday! | Вежби од типот на дополнување на зборови со испуштени букви (игра од типот Hangman); вежби со пишување на своето име; игра од типот составување на едноставни зборови од дадени букви со измешан редослед; пишување на зборови по дадени слики, пополнување на текст со зборови кои недостасуваат според упатства за пишување куси реченици; пополнување на текст со зборови кои недостасуваат според упатства за пишување куси реченици; пишување реченици и многу куси текстови според звучен модел – диктат; Ставање зборови во правелен ред во една реченица и сл. |

**КУЛТУРА**

Содржините од *Култура* се застапени во сите компоненти на изучувањето на јазикот, односно не се изучуваат изолирано како посебна компонента.
Целта е да се создаде сензибилизација за воочување на културолошките разлики и сличности како основа за развивање на толеранција и емпатија кон другиот и различниот (на пр., преку имиња, празници, модели на културно однесување, храна, песни, игри, бројалки, комуникативни модели, паралингвистички елементи и др.), организирање мали прослави за одбележување на Денот на вештерките (Halloween), Божик, Априлијада, Велигден и сл.
Целта е да се стекнат интеркултурни компетенции за однесување имајќи ги предвид културните разлики; создавање чувство за воочување на културните разлики низ учењето и воспитувањето и социјализација на содржините како основа за развивање почит кон другите луѓе и различните работи. Притоа треба да се води сметка за употреба на содржини коишто овозможуваат социјализација и споредба на македонската култура со другите култури.

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Во планирањето на наставата за петто одделение предвид се земени содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во четврто одделение, односно почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување по однос на целите и содржините со акцент на интегрирано поврзување со содржини од мајчиниот јазик.
Наставата по англиски јазик за учениците на оваа возраст се заснова на мултисензорно (визуелно, аудитивно, тактилно и др.) и холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ќе ги инте¬грира различните компоненти со што јазикот ќе се учи на функционален начин.
Согласно горенаведеното во странскиот јазик не може да се издвојат, односно не може да се планира бројот на часовите по одделни компоненти.
Наспроти карактеристиките на раното изучување на англискиот јазик (I-III одделение), наставата во повисоките одделенија на основното образование (IV-VI одделение) постапно се ориентира на когнитивното учење со зголемена експликација на јазичните структури со свесна примена на јазичните структури во контекст и постапно воведување на граматичкиот метајазик. Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмената комуникација. Тоа значи дека се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: слушање и читање во рамките на компонентата разбирање, на говорот како од аспект на говорна интеракција, како и од аспект на говорна продукција, т.е. на пишувањето.

**Наставни средства:**

- ❑ комплет од одобрен учебнички систем;
- ❑ пакет прирачен материјал за наставникот (флеш-карти, постери и др.);
- ❑ касетофони/касети со песни; компјутер со соодветен софтвер; ЦД-РОМ, ТВ со ДВД;
- ❑ други извори на учење во непосредната околина - предмети во просторијата каде се изучува англискиот јазик;
- ❑ Интернет пристап, образовни софтвери;
- ❑ списанија за наставникот.

# 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

***Следење на постигањата на учениците***

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.

*Битно е* поголем акцент да се стави на позитивните аспекти на напредокот на учениците, т.е. на она што ученикот го знае, а не она што не го знае. Важно е секој напредок да се награди соодветно, бидејќи на младите ученици им е потребна повратна информација за остварениот успех, што може да биде усна пофалба или позитивна реакција изразена преку гест или мимика или, пак, со насмевка од страна на наставникот, нацртан цвет и сл.

Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши описно во текот на училишната година при што наставникот има обврска во посебна тетратка континуирано да води забелешки за секој ученик посебно за неговото напредување согласно компонентите на јазикот предвидени со наставната програма за петто одделение. Со цел на родителите да им се овозможи увид во напредувањето на нивните деца и во нивниот процес на учење пожелно е да се воведе *Европско јазично портфолио* кое придонесува учениците да ја развијат свеста како учесници во наставниот процес. Портфолиото ги води кон сфаќање на учењето како процес на стекнување на знаења и вештини во кој  активно учествуваат. Притоа ги поттикнува на размислување за успешните стратегии на учење, за проценка на постигнатите знаења и вештини, како и за индивидуалните желби и планови за напредување и учење на странскиот јазик.

На крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година, учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка.

# 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по англиски јазик се реализира во простор и со опрема според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно образование.
Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за петто одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми.
Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците, за да слушне добро што се зборува и најоддалечениот ученик, да има преглед на училницата, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата У, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при драматизација).

# 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

• Завршени студии по англиски јазик и литература - наставна насока, VII[1]
• Завршени студии по англиски јазик и книжевност, VII[1].
• Завршени двопредметни студии по македонски и англиски јазик, VII[1].
• Завршени студии по англиски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет, VII[1].

# 8. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» Силвана Ветероска, советник по англиски јазик, Биро за развој на образованието - Скопје – раководител
» м-р Марија Маџар, виш лектор, Филилошки факултет „Блаже Конески“- Скопје
» Армира Гаваз - Абедини, наставник по англиски јазик, ОУ „Јане Сандански“ - Скопје
» Милица Ѓорѓиевска, наставник по англиски јазик, ОУ „Тодор Ангелески“- Битола
» Оливија Жежова, наставник по англиски јазик, ОУ „Димитар Македонски“- Скопје

Наставната програма по *анīлиски јазик* за петто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-143/2 од 05.02.2010 година.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ




# МАТЕМАТИКА

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот математика за V одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- ❑ да се оспособува за табеларно претставување на множества и одредување на разлика на две множества;
- ❑ да ги усвојува природните броеви до 1 000 000;
- ❑ да ги применува писменото собирање и одземање на природните броеви до 1 000 000;
- ❑ практично да ги применува операциите собирање и одземање во решавање на проблемски ситуации;
- ❑ да врши проценка на резултатите од собирање и одземање и истата да ја проверува со дигитрон;
- ❑ да воочува проблемска ситуација од секојдневниот живот и да наоѓа начини за нејзино решавање;
- ❑ да ги воочува својствата на собирањето и одземањето: комутативност и асоцијативност;
- ❑ да ги искажува суштествените својства на геометриските поими: многуаголник, правоаголник, квадрат, триаголник, коцка и квадар и според нив да ги дефинира;
- ❑ да ги именува геометриските поими: точка, права, полуправа, отсечка, рамнина, кружница и круг;
- ❑ да ги воочува односите помеѓу права и рамнина и помеѓу две рамнини;
- ❑да ги применува операциите на писменото множење и делење на природните броеви до 1 000 000;
- ❑ да ги применува практично операциите множење и делење во решавање на проблемски ситуации;
- ❑ да врши проценка на резултатите од множење и делење и да проверува со дигитрон;
- ❑ да ги воочува својствата на множењето и делењето: комутативност, асоцијативност и дистрибутивност;
- ❑ да ги препознава, чита и запишува римските броеви до 20;
- ❑ да ги објаснува именителот, броителот и дробната црта на дадена дропка, како и да наоѓа дел од даден број и да собира и одзема дропки со еднакви именители;
- ❑ да споредува и мери плоштина на правоаголник, квадрат, квадар и коцка;
- ❑ да прибира, класифицира и споредува податоци;
- ❑ да чита, презентира и интерпретира податоци;
- ❑ да се воведува во користење на ИКТ за содржини од математиката;
- ❑ да стекне особини на: самостојност, иницијативност, точност и истрајност во работата.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: БРОЕВИ ДО 1 000 000. СОБИРАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ ДО 1 000 000 | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката да се оспособува:<br>• да воочува множества и да ги прет¬ста¬вува со Венов дија¬грам;<br>• да запише елемент на множество;<br>• да одреди унија и пресек на множества и тоа да го означи со симболи;<br>• да одредува разлика на две множества;<br>• да претстави множество на табеларен начин (со загради). | Множества (повторување)<br><br>Разлика на множества<br><br>Табеларно претставување на множествата | – Унија на множества AB<br>$A \cup B$<br><br>– Пресек на множества<br>$A \cap B$<br>– Разлика на множества<br>$A \setminus B$ | • Активности со дидактички материјали во формирање на множества, унија или пресек и поставување на соодветен симбол претставен на картон.<br><br>• Вербално ги искажува разликите меѓу две множества и истите ги претставува со Венов дијаграм и ги запишува со загради. |
| • Да собира и одзема броеви до 1 000 (повторување). | Собирање и одземање до 1 000 (повторување) | | • Дадена проблемска ситуација ја илустрира со броен запис. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да чита и пишува броеви до 1 000 000;<br>• да одредува месна и цифрена вредност во даден број;<br>• да одредува претходник и следбеник на даден број до 1 000 000;<br>• да споредува броеви до 1 000 000;<br>• да собира броеви до 10 000;<br>• да одзема броеви до 10 000;<br>• да собира броеви до 1 000 000;<br>• да одзема броеви до 1 000 000;<br>• да проценува резултат од собирање и одземање и да врши проверка со дигитрон;<br>• да го искажува и запишува комутативното и асоцијативното својство на собирањето;<br>• да го користи комутативното и асоцијативното својство на собирањето во решавање на проблемски задачи;<br>• да ја воочи промената на збирот, односно разликата во зависност од менувањето на собироците, односно намаленикот или намалителот; | Броеви до 1 000 000<br>Месна и цифрена вредност на броевите<br><br>Претходник, следбеник<br>Споредување на броевите до 1 000 000<br><br>Писмено собирање до 10 000<br>Писмено одземање до 10 000<br>Писмено собирање до 1 000 000<br>Писмено одземање до 1 000 000<br>Комутативно својство и асоцијативно својство на собирањето<br><br>Врските помеѓу компонентите и резултатите во собирањето и одземањето<br><br>Римски броеви до 20 | • Позиција и класа<br>• Повеќецифрени броеви<br>• Месна вредност<br>• Цифрена вредност<br><br>Комутативност и асоцијативност на собирањето<br><br>Римски цифри<br>Римски броеви | – Со модели на банкноти од 1 000 денари ги илустрира броевите до 10 000, до 100 000 и до 1 000 000.<br>– Со примена на ИКТ се цртаат таблици на класи и позиции, се запишуваат броеви и се одредува месна и цифрена вредност, како и позициите и класите на запишаниот број.<br>– На бројна права се означува број до 1 000 000, а потоа и претходникот и следбеникот на дадениот број.<br>– Прави ценовник за технички производи, одредувајќи ја најевтината понуда.<br>– Со модели на коцки во различни бои на класи и разреди го илустрира собирањето и одземањето до 1 000 000.<br>– Примена на шведско сметало за демонстрирање на писмените постапки.<br>– Во решавање на бројни изрази применува дигитрон.<br>– Одредува најпогоден начин за пресметување на збир од повеќе собироци, применувајќи асоцијативно или комутативно својство, во рамките на групно натпреварување во решавање на бројни изрази.<br>– Примена на зависноста на збирот и разликата во решавање на проблемски задачи.<br>– Креира и решава проблемски ситуации од секојдневниот живот.<br>– Римските броеви ги претставува со стапчиња. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да ги применува собирањето и одземањето во решавање на проблемски ситуации, текстуални задачи и равенки;<br>• да ги препознава римските цифри I, V, X;<br>• да ги препознава, чита и пишува римските броеви до 20. | | | |

**Тема: ФОРМИ ВО РАМНИНАТА**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката да се оспособува:<br>• да воочи и именува точка, права и рамнина;<br><br>• да разликува хоризонтална, вертикална и коса рамнина;<br>• да одредува заемни положби на права и рамнина (правата лежи во рамнината, правата е паралелна со рамнината и правата ја прободува рамнината); | Точка, права и рамнина (повторување)<br><br>Хоризонтални, вертикални и коси рамнини<br>Заемни положби на права и рамнина<br><br>Заемна положба на две рамнини<br><br>- Искршена линија (пов.)<br>Многуаголник<br>Елементи намногуаголник | Хоризонтална рамнина<br>Вертикална рамнина<br>Коса рамнина<br>- Искршена линија (пов.):<br>- теме на искршена линија<br>- страна на искршена линија<br>- Многуаголник<br>- Теме, страна, агол | - Со висок и либела одредува вертикални и хоризонтални површини во училницата.<br>- Со цртеж ги претставува заемните положби на права и рамнина.<br>- Со модели од картон ги претставува заемните положби на две рамнини.<br>- Со помош на цевки моделира многуаголник.<br>- Со примена ИКТ црта многуаголник и ги именува неговите темиња, страни и агли.<br>- Со линијар ги црта геометриските фигури.<br>- Изработува модели од картон на разните видови триаголници.<br>- Практични активности на изработка на модели на геометриските фигури и пресметување на нивниот периметар. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да одредува заемни положби на две рамнини (се поклопуваат, се паралелни и се сечат);<br>• да разликува отворена и затворена искршена линија;<br>• да воочува и именува многуаголник;<br>• да одредува теме, страна и агол на многуаголник;<br>• да црта и именува геометриски фигури: триаголник, квадрат и правоаголник според нивните елементи (страни, темиња или агли);<br>• да идентификува и класифицира триаголници според страните и аглите;<br>• да ја објаснува постапката за пресметување на периметар на многуаголник, триаголник, правоаголник и квадрат;<br>• да ги применува формулите за периметар на геометриските фигури во проблемски задачи; | Триаголник, квадрат и правоаголник<br><br>Видови триаголници според страните и аглите<br><br>Периметар на многуаголник, триаголник, правоаголник и квадрат<br><br>Кружница и круг<br><br>Елементи на кружницата<br><br>Заемна положба на точка и кружница и на точка и круг<br><br>Геометриски тела<br><br>Елементи на геометриските тела | - Триаголник, квадрат и правоаголник<br><br>- Рамностран, рамнокрак и разностран триаголник (пов.)<br>- Правоаголен, остроаголен и тапоаголен триаголник (пов.)<br>- Периметар<br>Кружница и круг<br><br>- Центар, радиус и дијаметар<br><br>- Коцка, квадар, пирамида, цилиндар, конус и топка<br>- Валчести и рабести тела<br>- Раб и теме<br>- Ѕидови: соседни и спротивни | - Решава проблемски задачи во кои ја одредува непознатата страна по даден периметар.<br>- Со шестар црта кружница со различни радиуси.<br>- На нацртана кружница ги одредува нејзините елементи.<br>- Од картон прави модел на круг и црта точки што лежат во кругот.<br>- Со шестар црта кружница со различни радиуси.<br>- На нацртана кружница ги одредува нејзините елементи.<br>- Од картон прави модел на круг и црта точки што лежат во кругот.<br>- Моделира геометриски тела и прави училишна збирка.<br>- Брои рабови и ѕидови на моделите на геометриските тела, ги именува соседните и спротивните страни. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да препознава кружница и круг;<br>• да се оспособува да црта кружница со шестар;<br>• да одредува центар, радиус и дијаметар на кружница;<br>• да одредува заемна положба на точка и кружница и на точка и круг;<br>• да ги препознава и именува геометриските тела: коцка, квадар, пирамида, цилиндар, конус и топка;<br>• да ги разликува и именува елементите на геометриските тела. | | | |

| Тема: МНОЖЕЊЕ И ДЕЛЕЊЕ ДО 1 000 000 | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката да се оспособува:<br>• да множи и дели броеви до 1 000 (повто¬рување);<br>• да множи и дели броеви до 1 000 000;<br>• да множи со едноцифрен, двоцифрен и трицифрен број;<br>• да дели со едноцифрен и двоцифрен број; | Множење и делење до 1 000 (повторување)<br>Писмено множење и делење до 1 000 000<br>Множење со едноцифрен, двоцифрен и трицифрен број<br>Делење со едноцифрен и двоцифрен број | - Писмено множење и делење<br><br>- Множење со едноцифрен, двоцифрен и трицифрен број<br><br>- Делење со едноцифрен и двоцифрен број | • Составува и решава проблемски ситуации и истите ги илустрира со броен запис.<br>• Со примена на кооперативно учење во рамки на неколку групи самостојно изведување на постапките за писмено множење и делење до 1 000 000.<br>• Решавање на бројни изрази, креирани од страна на учениците.<br><br>• Во решавање на бројни изрази применува дигитрон. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да дели со остаток и да го проверува добиениот резултат;<br>• да проценува резултат од множење и делење и да врши проверка со дигитрон;<br>• да го искажува и запишува комутативното и асоцијативното својство на множењето;<br>• да ги применува асоцијативното и комутативното својство на множењето во проблемски задачи;<br>• да го применува на конкретно ниво дистрибутивното својство на множењето и делењето во однос на собирањето и одземањето;<br>• собирањето и одземањето да ги применува во решавање на проблемски ситуации, текстуални задачи и равенки;<br>• да препознава, чита и споредува дропки помали од 1;<br>• да го именува и објаснува значењето на именителот и броителот на дадена дропка; | Делење со остаток<br><br>Комутативно и асоцијативно својство на множењето<br><br>Дистрибутивно својство на множењето и делењето<br><br>Дропки помали од 1<br><br>Именител и броител на дропката<br><br>Дробна црта на дропката<br><br>Пресметување дел од даден број<br><br>Собирање и одземање на дропки со еднакви именители | • Комутативно и асоцијативно својство на множењето<br><br>Дистрибутивно својство на множењето и делењето *<br><br>• Именител, броител<br><br>• Дробна црта<br><br>• Дел од даден број<br><br>• Собирање и одземање на дропки со еднакви именители | • Својствата на множењето ги применува во решавање на различни задачи. Се бараат повеќе начини на решавање на задачите, применувајќи ги својствата на множењето.<br><br>• Во бројни изрази го применува дистрибутивното својство, но не го искажува и запишува.<br><br>• Составува и решава проблемски ситуации од секојдневниот живот.<br><br>• Работа со различни материјали (картони со геометриски форми), делење на делови, запишување на добиените дропки и именување на броителот и именителот.<br><br>• Со модели на геометриски фигури го илустрира собирањето и одземањето на дропки со еднакви именители. Кругот се дели на 4 еднакви дела, деловите се именувааат и запишуваат. Се склопуваат повторно добиените делови и тоа се запишува во вид на збир. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да ја објаснува дробната црта како количник на именителот и броителот на дадената дропка;<br>• да пресметува дел од даден број изразен со дропка со броител 1;<br>• да собира и одзема дропки со еднакви именители. | | | |

| Тема: МЕРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката да се оспособува:<br>• да ја разбира плоштината како величина која се мери, споредува и изразува со број;<br>• да ги препознава и користи единиците мерки: квадратен сантиметар, квадратен дециметар, квадратен метар;<br>• да го објаснува начинот на пресметување на плоштина на правоаголник и квадрат;<br>• да го објаснува начинот на пресметување на плоштина на квадар и коцка;<br>• да ги применува формулите во решавање на проблеми од секојдневниот живот. | Поим за плоштина<br><br>Мерки за плоштина<br><br>Плоштина на правоаголник и квадрат<br><br>Плоштина на квадар и коцка | • Плоштина<br><br>• Единици мерки: квадратен сантиметар, квадратен дециметар, квадратен метар<br><br>• Плоштина на правоаголник и квадрат<br><br>• Плоштина на квадар и коцка | • Изработка на модели на единиците мерки за плоштина и одредување на плоштината на геометриски фигури со нивно пополнување.<br><br>• Практични активности за изработ-ка на сложени фигури, составени од повеќе правоаголници и квадрати, пресметување на нивната плоштина.<br><br>• Расклопување на картонски кутии во форма на квадар и коцка и пресметување на нивната плоштина. |

| Тема: РАБОТА СО ПОДАТОЦИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката се оспособува:<br><br>• да собира, селектира, подредува и внесува податоци;<br><br>• да селектира потребни податоци за решавање одреден проблем;<br><br>• да чита податоци од сликовити прикази, табели, графикони и истите да ги интерпретира;<br><br>• да прави графички прикази на податоци. | Прибирање и средување податоци<br><br>Читање и претставување податоци | • Табели на податоци (повторување)<br><br>• Табеларен приказ<br>• Дијаграм - линиски и столбест (повторување)<br><br>• Линиски график | • Учениците поделени во групи собираат податоци за решавање на одреден проблем. На пр., за да ја пресметаат плоштината на подот на училницата потребни им се следните податоци и материјали: метро, должина и ширина на училницата, формула за плоштина на правоаголник.<br><br>• Во табела и со графикон ги претставува податоците за редовност на учениците во текот на првото полугодие. Избираат соодветен начин за презентирање на податоците. |

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

При реализацијата на програмата наставниците треба да поаѓаат од развојните можности и интересите на децата на 10 - годишна возраст. Особено да се имаат предвид законитостите на развојот на мислењето во овој развоен период.
Во реализацијата на содржините и активностите треба да го мотивираат ученикот земајќи примери од непосредната околина или реализирајќи ги содржините во услови кои се адекватни на проблематиката што се обработува (пред сè содржините од темата Мерење, но и од другите теми). Треба да се организираат практични активности како: истражувања, проценки, конструирање, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл., а преку нив да се поттикнат мисловните активности на учениците, со што се овозможува изградување на систем на математички претстави и поими. Значи, во дидактичко – методското обликување на наставниот час често да бидат застапени мали истражувања, проектни активности, односно самостојно учење на ученикот. Вака обликуваниот час бара и соодветни форми на работа (групна - тимска работа, работа во парови, како и индивидуална работа на ученикот). Заедничката (фронталната) форма на работа ќе се практикува при презентации, дискусии, демонстрации на постапки и слично, но сè поретко како форми за пренесување на знаења на учениците. На тој начин наставниот процес добива карактер на учечко – поучувачки процес во кој ученикот низ самостојни активности усвојува нови знаења, а наставникот како поучувач го организира и следи тој процес.
За реализација на наставата по математика ќе се користи учебник усогласен со оваа наставна програма и со Концепцијата за учебник. За следење на реализацијата на наставата ќе се користат работни листови, соодветно дидактичко методски обликувани и усогласени со оваа наставна програма. а за проширување и продлабочување на знаењата ќе се користат збирки задачи, кои треба да содржат и содржини кои ќе им помогнат на талентираните ученици да ги развиваат своите склоности кон математиката.
Почитувајќи го холистичкиот приод во работата со учениците, неопходно е да постои корелација со другите наставни предмети во V одделение, а тоа подразбира усогласеност на реализацијата на оние содржини од математиката кои се во тесна врска со сродни содржини од други наставни предмети и обратно. На пример, при реализација на содржини од темата *Мерење*, можна е интеграција со содржини од наставата по природните науки.
Темата *Работа со податоци* ќе се реализира во рамките на претходните теми.
Од големо значење за подобрување на ефективноста на наставата е при обработката на операциите собирање, одземање, множење и делење, да се актуализираат претходно здобиените знаења за овие операции, со цел да се обезбеди активност и самостојност на учениците во наставата.
Учениците во V одделение бидејќи сè уште се на стадиум на конкретни операции во интелектуалниот развој, при обработката на содржините од темите 2 и 4 треба да се посвети соодветно внимание на принципот на нагледност. Во наставата да се применува набљудување и манипулирање со конкретни предмети, што ќе им овозможи на учениците полесно да ги апстрахираат својствата и да ги генерализираат суштествените обележја.
Според природата на наставните содржини, наставата по математика ќе се реализира на различни места, но најчесто во училница каде ученикот ќе истражува со различни материјали и средства и ќе работи на компјутер со примена на лиценци-

ран образовен софтвер. Исто така, ученикот ќе учествува во активности на: распо¬редување, класификација, споредување, проценување, погодување, броење, мерење, демонстрирање на постапки, презентирање на изработки итн. Затоа, би било добро во училницата да има материјали за класифицирање, редење и броење, пластични и дрвени форми; материјали за споредува¬ње и придружување, модели на рамнински и просторни фигури, кругови со различна големина, хартија (картони), моливи, ножици, ленти од хартија, конец со различна боја и дебелина, магнетни рамнински форми и броеви, различни материјали за мерење: метра, линијари, ваги; часовници, песочен и воден часовник; градуирани мерички за течност, модели за $1dm^2$ и $1m^2$, слики, фотографии, танграм, различни броеви во делови кои треба да се спојат; абакус (бројалка со дрвени топчиња); соодветни книги, цртежи, нацртани монети и банкноти од 1, 2, 5, 10, 50, 100, 500 и 1 000 денари и сл.

***Предметот математика во V одделение се изучува со 4 часа неделно, односно 144 часа годишно.***

# 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да се оценат постигањата на ученикот неопходно е:

• согледување на иницијалната состојба на ученикот (согледување на неговите претходни искуства, знаења и вештини) при влезот во V одделение;
• разговарање со ученикот за да се добијат сознанија за неговото логичко размислување, разбирањето на поимите и степенот на разбирање при нивната примена, оспособеноста за решавање задачи;
• водење на портфолио за секој ученик во одделението;
• користење на евиденциони и чек листи и анегдотски белешки;
• постојано и навремено набљудување на ученикот додека решава различни задачи и сл.;
• континуирано следење на односот на ученикот кон работата, соработката со врсниците, покажаната иницијативност, љубопитност, самостојност, точност во искажувањето и истрајност во извршувањето на обврските;
• континуирано утврдување и задолжителна проверка на стекнатите знаења, способности и вештини на тематските целини;
• користење на работни листови за примена на стекнатите знаења и оценување на постигањата.

Во текот на наставната година се користи комбинирано (описно и бројчано оценување), а **на крајот на годината ученикот се оценува со бројчана оценка.**

# 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр.07-1830/1 од 28.02.2008.

# 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

За реализација на Наставната програма по математика во V одделение потребни се кадри што имаат завршено:
1. Педагошки факултет – професор за одделенска настава;
2. Филозофски факултет – дипломиран педагог.

# 7. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» Гоце Шопкоски, советник во БРО - координатор
» д-р Јорданка Митевска, професор, ПМФ - Скопје
» д-р Весна Макашевска, професор на ПМФ - Скопје
» м-р Душанка Панкова, професор, ОУ „Лазо Ангеловски" - Скопје
» Биљана Чешларова, професор, ОУ „Ј.Х. Песталоци“ - Скопје

Наставната програма по *математика* за V одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4060/1 од 22.05.2008 година.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ОПШТЕСТВО

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл.весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл.весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *општество* за V одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- ❑ да ги надгради знаењата за просторот во кој живеат и работат луѓето и во кој се одвиваат нивните меѓусебни односи (семејство, дом, општина);
- ❑ да ја развие просторната ориентација во крајот во кој живее, пошироката околина, општината на географската карта;
- ❑ да се запознава со основните природни и географски карактеристики во пошироката околина во општината и нивното влијание на стопанството, културата и другите области во животот и работата на луѓето во локалната заедница;
- ❑ да ја увиди пошироката просторна ориентација на својата околина, како и положбата на Република Македонија на географската карта;
- ❑ да ги запознава основните карактеристики на релјефот, климата и другите обележја на Република Македонија и нивното влијание на стопанството, културата и другите области на општествениот живот;
- ❑ да го сознава и споредува сегашниот општествен живот на луѓето во Република Македонија со животот и работата на луѓето во минатото;
- ❑ да развива чувство на почит кон историското наследство и традициите во Република Македонија;
- ❑ да развива свест за припадност кон семејството, општината и пошироко општество на Република Македонија;
- ❑ да се оспособува за активно учество во истражувања на минатото со помош на користење на различни извори (Интернет, музејски предмети, стари слики, книжевни творби и сл.);
- ❑ да се запознава со културата како специфична карактеристика во животот на човекот;
- ❑ да ги сознава и почитува културните и верските различности на луѓето во пошироката околина (општината);
- ❑ да познава примери од македонската културна традиција, како и од традициите и културата на другите заедници во Република Македонија;
- ❑ да се запознава и да ги разбира економските основи на животот на луѓето;
- ❑ да ги увидува условите за својата активност во групите со врсниците, во паралелката во училиштето и пошироката средина;
- ❑ да се запознава со начините и формите на учество во натпревари, појавата на конфликти и нивното решавање;
- ❑ да ги познава и разбира основните човекови права, правата на децата и правата и одговорностите на граѓаните на Република Македонија;
- ❑ да ги разбира начините на соработка меѓу луѓето и меѓусебната поддршка во споредба со конфликтите, како и за решавање на конфликтите;
- ❑ да се запознава со најважните институции на Европската унија.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА I: НАШАТА ТАТКОВИНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се запознае со карактеристиките на Република Македонија како држава;<br>• да ги согледува разликите помеѓу Република Македонија и нејзините соседи;<br>• да ги знае симболите на Република Македонија (знаме, грб, химна);<br>• да се запознае со основните стопански, политички и културни функции на главниот град на Република Македонија;<br>• да умее да ја одреди местоположбата на нашата татковина на географската карта и на глобусот во регионот и пошироко;<br>• да знае да ги опише природните карактеристики на Република Македонија;<br>• да се запознае со основните карактеристики на одделните периоди од македонското минато; | • Нашата татковина Република Македонија<br><br>• Државните симболи на РМ<br><br>• Скопје – главен град на Република Македонија<br><br>• Местоположба и природни особености на Република Македонија<br><br>• Периодизација на македонското минато<br><br>• Формирање на современата македонска држава | Држава<br>Татковина<br>Република<br><br>Знаме<br>Грб<br>Химна<br><br>Главен град<br>– метропола<br><br>Државна територија<br>Географски регион<br>Свет/Земјината топка<br><br>Царство, кралство, империја<br><br>Национална држава,<br>Референдум<br>Сувереност<br><br>Устав | • Демонстативен метод: презентирање на видеозаписи и илустративен материјал за Република Македонија.<br>• Истражувачки активности: на тема: Соседите на Република Македонија (работа во групи).<br>• Корелација со наставата по ликовно и музичко образование: изработка на симболи и учење на химната на Република Македонија.<br>• Определување на местоположбата на Скопје на географска карта.<br>• Изработка на албум: Нашиот главен град Скопје.<br>• Изработка на карта со обележување на државите на Балканскиот Полуостров.<br>• Техника грозд: изработка на грозд за природните особености на Република Македонија (релјеф, води, природни богатства).<br>• Проектна настава: групен облик на работа; изработка на проекти за одделни историски периоди.<br>• Корелација со наставата по македонски јазик: Писмена работа: Како беше формирана мојата држава. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да знае за формирањето на современата македонска држава на крајот на Втората светска војна;<br>• да знае за формирањето на суверена Република Македонија во 1991 година;<br>• да се запознава со државното уредување на Република Македонија;<br>• да ги знае најважните државни институции;<br>• да се запознае со поимот население;<br>• да ја знае големината и структурата на населението во Република Македонија и неговите белези;<br>• да се запознае со најважните стопански гранки во Република Македонија;<br>• да ги запознава природните услови и можностите за развој на одделни стопански гранки во Република Македонија;<br>• да ги запознава туристичките центри и локалитети во Република Македонија; | • Државното уредување на Република Македонија<br><br>• Населението на Република Македонија<br><br>• Стопанството и стопанските дејности во Република Македонија<br><br>• Туризмот во Република Македонија<br><br>• Културниот живот и институциите на културата во Република Македонија<br><br>• Религиите и верските институции во Република Македонија<br><br>• Правата и должностите на граѓаните на Република Македонија | Претседател<br>Влада<br>Суд<br><br>Етнички заедници<br><br>- Стопанство<br>- Стопански дејности<br>- Ресурси<br><br>- Туризам<br><br>Библиотека<br>Театар<br>Балет<br>Кино<br><br>- Религија<br>- Верска заедница<br><br>Права<br>Дожности | • Истражувачки постапки на тема: „Сеќавања за референдумот од 8 септември 1991 година".<br>• Играње на улоги: Јас во парламентот (судот, владата...).<br>• Истражување на тема: Составот на населението во моето место на живеење.<br>• Техника грозд: стопанските дејности во РМ.<br>• Водење разговор на теми: Професијата на моите родители.<br>Приридните ресурси на мојот роден крај.<br>• Иработка на туристичка карта на Република Македонија<br>• Проект на тема: Туристичките локалитети на мојата таковина (албум со илустрации на истата тема)".<br>• Организирање посета на тетарска претстава или балет и разговор по посетата.<br>• Истражување: Најголемите верски празници на верниците во мојот крај.<br>• Разговор на тема: Како моето семејство ги одбележува големите верски празници.<br>• Изработка на Т-табела: Права и должности на граѓаните на Република Македонија. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да го запознава значењето на поимите култура и културни потреби;<br>• да ја знае функцијата на поважните културни институции (театар, кино, балет, библиотека...);<br>- да знае како да се однесува при посета на институциите на културата;<br>• да ги запознава верските различности и на населението во Република Македонија;<br>• да се запознае со религиите во Република Македонија;<br>• да го запознае начинот на верското организирање;<br>• да ги знае правата и должностите на граѓаните во Република Македонија. | | | |

**ТЕМА II: ЛИЧНОСТА ВО ГРУПАТА И ВО ОПШТЕСТВОТО**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>• да го сфати значењето од живеењето во група;<br>• да се воспитува за негување на солидарност со другите;<br>-• да се осознава себеси како дел од групата, со свои можности, идеи, потреби, желби;<br>• да се запознава со значењето на поимот социјализација;<br>• да сфати дека заедничките напори даваат успех;<br>• да се запознава со одделни фактори на социјализацијата и да ја сфати нивната улога;<br>• да го запознава значењето на поимот девијација;<br>• да се запознава со девијантните однесувања на одделни личности во групата;<br>• да ги почитува донесените правила на однесување во средината;<br>• да ги сознава причините за појавата на конфликти во средината;<br>• да ги почитува различните идеи, можности, желби и потреби;<br>• да се запознава со основните човекови права;<br>• да се запознае со правата на децата. | Личниот и групниот живот<br><br>Социјализација на личноста во групата<br><br>Фактори на социјализацијата (семејство, група на врсници, училиште, мас-медиуми)<br><br>Девијација и девијантно однесување на личност во групата<br><br>Правила на однесување во средината и исполнување на должностите<br><br>Конфликтот и негово то решавање<br><br>Правата на децата како човекови права | Личност<br>Група<br><br>Социјализација<br>Солидарност<br>Егоизам<br><br>Мас-медиуми<br><br>Девијација<br>Криминалитет<br>Наркоманија<br><br>Правила<br>Должности<br><br>Конфликт<br>Сила и насилство<br>Помирување<br>Толеранција<br><br>• Човекови права<br>• Слобода<br>• Рамноправност<br>• Детски права | • Играње на улоги – споделени должности во групата за негување меѓусебна соработка.<br>• Разговор во одделението за различни постапки: од егоизам и солидарност и изработка на Т-табела за истите.<br>• Дебата на тема: Семејството - пресуден фактор на социјализацијата на личноста.<br>• Дискусија како мас-медиумите влијаат врз социјализацијата на личноста.<br>• Активности: изработка на пано од фотографии, текстови и други илустрации со класификација на различни девијантни појави (однесување).<br>• Дијалошки метод; разговор за правилата на однесување и нивното почитување.<br>• Разговор за добро и лошо однесување и изработка на Т-табела: Моето добро и лошо однесување.<br>• Играње на улоги: симулација на конфликт и негово разрешување.<br>• Техика грозд со клучен термин човекови права; или техника призма: човекови права - човекови должности.<br>• Истражување- проект: Целите и задачите на детските амбасади. |

| ТЕМА III: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТОТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги познава најзначајните остатоци од материјалното културно наследство на тлото на Република Македонија;<br>• да се воспитува за чување и негување на културното наследство;<br>• да го запознава значењето со поимите: иселеник, иселеништво, миграција;<br>• да ги запознава причините за иселување од Република Македонија;<br>• да знае за врските на иселениците со татковината;<br>• да го запознава значењето на поимите странец и странство;<br>• да ги запознава причините за престој на странците во нашата држава;<br>• да ги запознава најважните институции на ЕУ;<br>• да се запознава со основните проблеми во светото;<br>• да го сознава учеството на Република Македонија во разрешувањето на проблемите во светот. | Културното наследство на тлото на Република Македонија<br><br>Иселеништвотот од РМ во светот<br><br>Странците во Република Македонија<br><br>Република Македонија и европската интеграција<br><br>Основните проблеми во светот и Република Македонија | • Културно наследство<br>• Мултикултура<br><br>• Иселеник<br>• Иселеништво<br><br>• Странец<br>• Странство<br><br>• Интеграција<br>• Унија<br><br>• Глобален свет<br>• Екологија<br>• Енергија | • Теренска настава: посета на културни и верски објектви или на некое археолошко наоѓалиште и изработка на писмен состав за истото.<br>• Метод на разговор - -Водење дебата за причините за иселувањето на граѓаните од Република Македонија.<br>• Активности: - Писмен состав - Еден иселеник раскажува.<br>• Проектна настава - Мојата средба со еден странец во Република Македонија.<br>• Составување Т - табела - на едната страна европските институции (Парламент на ЕУ, Совет на ЕУ и Европска комисија), а на другата нивните основни функции.<br>• Демонстартивен метод - анализа на фотографии за основните светски проблеми (чување на светскиот мир, екологија, енергија, сообраќај).<br>• Организирање изложба со ученички трудови на тема:<br>Заштита на животната средина. |

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Насоки за меѓупредметно поврзување: Целите на предметот општество се засновани на принципот на мултидисциплинарност. Затоа подготвувањето на наставните материјали и обработката на планираните содржини, поими и активности се поврзува со претходното знаење, способностите и инетересот на ученикот, личното доживување и неговото искуство. Наставниците при изборот на методите и дидактичките постапки се потполно самостојни.

При планирањето на содржините и активностите во наставата наставниците треба да водат грижа за интегрирано планирање, односно целно и содржинско поврзување меѓу сродните предмети и подрачја;

❑ Препораките за користење на годишниот фонд на часови се дадени со конкретните теми и тие се сообразени според начинот на разработката на содржините, поимите и планираните активности.

❑ Во рамките на реализацијата на програмата околу 15 часа треба да бидат планирани за посети и разговори во институции во рамките на општината и другите места во Република Македонија.

❑ Наставни средства:

• учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет одобрен од страна на министерот;

• други извори на учење енциклопедии, речници, атласи, карти и сл.;

• Интернет, образовни софтвери;

• списанија;

• аудио-визуелни средства и други средства според планираните активности.

Во наставата може да се користат различни наставни форми: индивидуална работа и работа во парови и групи, а во дадени наставни ситуации и фронтална работа.

Неопходно е рационално да се планираат активностите на учениците во рамките на секоја наставна тема со флексибилна организација на часовите, поттикнување на индивидуалните активности на учениците и групната работа со што треба да се постигне подобра комуникација и кооперативност во учењето.

***Предметот општество во V одделение е задолжителен со по 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.***

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следење на постигањата на учениците
Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.
Во програмата се наведуваат начините на следење и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми низ активностите на учениците во кои спаѓаат и активностите поврзани со водењето на портфолио за ученикот со задачи, извештаи од истражувачките активности и сл.
Други средства и постапки за следење и оценување: говорни вежби; разговор-дијалог наставник-ученик; работни листови; тестови на знаења.
Постигањата на учениците се оценуваат комбинирано со описни и бројчани оценки во текот на наставата, а на крајот на наставната година со бројчана оценка.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр.07-1830/1 од 28.02.2008.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по општество во V одделение може да ја изведува лице кое завршило:
Педагошки факултет – професор за одделенска настава;
– дипломиран педагог.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот /ученичката:
❑ го препознава семејството како сродничка заедница;
❑ го познава бракот како основа на семејството;
❑ ги знае основите на сопственоста и приватноста;
❑ умее да ги разликува и вреднува различните начини на информирање;
❑ ја знае функцијата на живеалиштето на човекот и потребата од грижата за него;
❑ ја разбира важноста на соседскиот живот;
❑ ги познава правилата на соживот и за почитување со соседите и пријателите;
❑ ја знае намената на јавниот простор;
❑ ги знае поимите за локалната заедница и локалната самоуправа;
❑ ја познава организацијата на општините како локални заедници;
❑ знае што е тоа граѓанин како член на локалната заедница;
❑ ги распознава најважните стопански и нестопански дејности во локалната заедница;

- ❑ ги распознава и расудува за комуналните дејности во локалната заедница;
- ❑ ги познава културните институции (домови на културата, кина, театри, библиотека, верските објекти);
- ❑ ги негува традициите и симболите на локалната заедница;
- ❑ го разбира поимите демократија, власт, управување, лидерство;
- ❑ развива чувство на одговорност према себеси и другите сограѓани;
- ❑ ги знае основните карактеристики на Република Македонија како држава;
- ❑ги согледува разликите меѓу Република Македонија и нејзините соседни земји;
- ❑ ги знае симболите на Република Македонија;
- ❑ ги знае најважните одлики на главниот град на Република Македонија;
- ❑ ја одредува местоположбата на нашата татковина на географската карта и на глобус;
- ❑ знае да ги опише природните карактеристики на Република Македонија;
- ❑ ги знае историските периоди и најзначајните настани од македонското минато;
- ❑ знае за формирањето на современата македонска држава и нејзиното осамостојување;
- ❑ ги знае најважните државни институции;
- ❑ ги знае основните карактеристики на населението во Република Македонија;
- ❑ ги познава туристичките центри во Република Македонија;
- ❑ го познава најзначајното материјално и културно богатство на Република Македонија;
- ❑ знае како да се однесува при посета на институциите на културата;
- ❑ ги познава религиите на населението во Република Македонија;
- ❑ ги познава основните права и должности на ученикот/детето;
- ❑ знае зошто треба луѓето да живеат во заедница и што е солидарност со другите во средината;
- ❑ се согледува себеси како дел од групата со свои можности идеи, потреби и желби;
- ❑ го сфаќа значењето на учеството во групата и дека заедничката работа дава подобри резултати и успех;
- ❑ ги разликува правата и должностите на ученикот;
- ❑ ги знае основните правила на однесување во средината;
- ❑ ги почитува своите и различните идеи, можности, желби и потрби на другите;
- ❑ знае кои се основните човекови права;
- ❑ ги разбира поимите иселеник, иселеништво и ги знае причините за иселувањето;
- ❑ ги разбира поимите странство и странци и знае зошто престојуваат странците во Република Македонија;
- ❑ ги познава најважните институции на Европската унија;
- ❑ ја сфаќа поврзаноста на Република Македонија со соседните земји и со други земји во светот.

# 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» д-р Ило Трајковски, проф., Филозовски факултет, Институт за социологија
» д-р Виолета Ачковска, проф., Филозовски факултет, Институт за историја
» Николче Илијевски, советник во БРО – координатор
» Аземине Халими, педагог, ОУ „Сами Фрашери” - с. Глумово
» Благоја Димулковски, проф. по историја, ОУ „Лазо Трповски” - Скопје

Наставната програма по општество за V одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4074/1 од 22.05.2008 год.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ПРИРОДНИ НАУКИ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *природни науки* за V одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

• да го проширува сфаќањето на основните поими и закономерности за природата околу себе;

• да ги поврзува концептите и процесите во природата преку конкретни примери;

• да ги воочува системите, подреденоста и организацијата на поимите за природата, преку конкретни примери за деловите и движењата во Сончевиот систем, неговите планети и планетата Земја;

• да стекнува знаења и да ги применува за истражување на материјата на Земјата, за надворешната структура и другите одлики (боја, мирис, вкус, температура на вриење, растворливост, проѕирност, магнетни особини, спроведливост на топлина и на електрицитет);

• да ги открива изворите и формите на енергијата на Земјата: Сонцето (светлината), движењата на воздухот и водата, звукот, магнетизмот, електричната енергија, промените на енергијата, нејзиното зачувување и користење;

• да ги разбира и да ги објаснува основните поими за промените на енергијата, нејзинотот зачувување и користење;

• да ги открива и да ги применува начините и помагалата со кои човекот се ориентира на Земјата;

• да го разбира значењето на одликите за релјефот и животните средини и да ги предвидува последиците од нивните промени врз населувањето на животните заедници;

• да открива развојни текови на природните процеси и закономерности (Земјина ротација, револуција, топлинските и климатските појаси и последиците за живиот свет: приспособување, распространување), преку интегрираниот пристап;

• да разбира и проценува со кои активности човекот ја нарушува природната средина во урбаната средина;

• да претставува бројчани податоци во графички и усни интерпретации и да умее да чита и толкува географска карта и глобус;

• да спроведува природонаучни ученички истражувања;

• да спроведува постапки со различен степен на сложеност при истражувањето: поставување прашања, предвидува, набљудува, користи инструменти (лупа, линијар, вага, компас, карта, глобус), запишува и обработува податоци.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРИРОДА И ПРИРОДНИ НАУКИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се запознае со предметот на проучување на секоја од природните науки;<br>• да ја разбере меѓусебната поврзаност на природните науки;<br>• да ги разбере постапките во природонаучното истражување (набљудување, претпоставка, обид, мерење, собирање податоци, споредување на податоци, приказ на податоци);<br>• да изработува план за истражување;<br>• да набљудува и да користи постапки за набљудувањето;<br>• да предвидува промени и процеси кај природните објекти,<br>• да ги забележува промените и процесите и да ги опишува со свои зборови;<br>• да го објаснува влијанието на надворешните услови врз природните објекти и процеси;<br>• да мери физички величини на природни објекти;<br>• да изработува и да чита табела и график со податоци. | • Природни науки<br>• Постапки во проучување на природата | – Природни науки<br>– Биологија<br>– Хемија<br>– Физика<br>– Географија<br>– Експеримент | - Прикажување на видеозаписи за природата и како таа се истражува од научниците од различни природни науки.<br>- Читање на текстови за интересни пронајдоци од обласа на природните науки.<br>- Набљудување на две изникнати растенија (грав).<br>- Определување на условите за растење и развивање на растенијата (растение без вода и растение со вода).<br>- Предвидување на промените кај двете растенија.<br>- Мерење на должина со линијар на лист и стебло и броење на листови.<br>- Следење на промените во текот на една недела, набљудување со лупа.<br>- Цртање на настанатите промени кај растението (форма, големина и боја на лист и стебло).<br>- Мерење маса на двете растенија со вага.<br>- Запишување на добиените податоци во табела.<br>- Средување на податоците табеларно графички.<br>- Читање на податоците.<br>- Проверување на предвидувањата, заклучување и дискусија. |

| ПЛАНЕТА ЗЕМЈА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да го препознава и опишува обликот на Земјата со помош на глобус;<br>• да ги набројува Земјините сфери;<br>• да го објаснува составот на Сончевиот систем;<br>• да стекне сознание дека Земјата постојано се движи;<br>• да ја согледа привлечната сила на Земјата;<br>• да ги разликува дневното и годишното движење на Земјата;<br>• да ги препознава последиците од движењата на Земјата;<br>• да ја разбере поврзаноста на Земјината револуција и топлинските појаси;<br>• да ги набројува топлинските појаси;<br>• да ја открива распространетоста на живиот свет во топлинските појаси. | Облик, големина на Земјата и Земјините сфери<br><br>Сончев систем<br><br>Земјина ротација и револуција<br><br>Топлински појаси | Планета<br>Глобус<br>Земјини сфери<br><br>Сонце<br><br>Сончев систем<br><br>Орбита<br><br>Земјина ротација<br><br>Земјина револуција<br><br>Топлински појаси | • Опишување на Земјината форма.<br>• Читање на текст за размислувањата на старите народи за формата на Земјата.<br>• Демонстрирање на карта за разместеноста на копното и водата на Земјата.<br>• Изработка на модел за Земјините сфери.<br>• Докажување на привлечната сила на Земјата.<br>• Изработка на модел за Сонце и Сончев систем.<br>• Да дискутира за составот на Сончевиот систем.<br>• Обиди за докажување на привлечната сила на Земјата.<br>• Вршење обид за прикажување на нееднаквото загревање на Земјата со помош на глобус и светилка.<br>• Изработување графички приказ, скица за нееднаквото загревање на Земјата.<br>-• Цртање на топлинските појаси.<br>• Изработка на паноа за топлинските појаси и растителниот и животинскиот свет (карактеристични видови). |

| МАТЕРИЈА И ЕНЕРГИЈА НА ЗЕМЈАТА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да наведува примери на различни материи во природата;<br>• да стекне сознание дека материите се разликуваат според својствата;<br>• да ги набројува својствата на материите (изглед, агрегатна состојба, боја, мирис, вкус, растворливост, проѕирност, спроводливост на топлина и на електрицитет, магнетно својство и температура на вриење);<br>• да разликува материи според агрегатната состојба, надворешната структура (прашкаста, кристална, зрнеста и др.) и други својства;<br>• да ја опишува преку примери растворливоста на некои материи во вода;<br>• да го опишува магнетното својство преку пример;<br>• да ги препознава металите: бакар, железо, алуминиум, според изгледот и механичките својства;<br>• да ги опишува промените на материите при загревање, горење, стоење на воздух и под дејство на вода;<br>• да разбере дека при горењето од еден вид материја се добива друг вид; | Својства на материите од различен вид<br><br>Промени на материите под дејство на воздухот, водата и со загревање<br><br>Извори и форми на енергија<br><br>Претворање на енергијата и зачувување | Својства<br><br>Агрегатна состојба<br><br>Растворливост<br><br>Температура на вриење<br><br>Спроведливост на топлината<br><br>Спроведливост на електрицитетот<br>Магнет<br>Магнетна игла | • Набљудување и опишување на својствата на различни материи (брашно, сол, шеќер, зејтин, оцет, син камен, сода бикарбона, ванилин шеќер и др.) со користење на сетилата и со помош на лупа.<br>• Истражување: температура на вриење на чистата вода и смеса од сол и вода.<br>• Загревање и палење на различни материи, воочување на промени и претставување на резултатите во табела.<br>• Претставување податоци од мерењата во табела или график.<br>• Растворање на материи во вода (сол, шеќер, оцет, земја, истолчена креда, зејтин, зачини и др.). Набљудување и претставување на резултатите во табела.<br>• Изработување на опит: собирање на метални парчиња со магнет.<br>• Препознавање на металите по боја (железо, бакар, алуминиум, злато, сребро).<br>• Истражување на механичките својства на металите: (бакарна и железна жица, алуминиумска фолија).<br>• Истражување за промените на железно клинче во вода и на воздух.<br>• Демонстрирање на спроведливост на топлина (предмет од стакло, од пластика, од метал).<br>• Демонстрирање на спроведливост на електрицитет (струјно коло со батерија, ѕвонче или светилка). |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| --- | --- | --- | --- |
| • да наведува примери за рѓосување;<br>• да набројува извори на енергија (сонце, воздух, вода, органски материи);<br>• да опишува форми во кои се јавува енергијата (светлина, топлина, звук, електрицитет);<br>• да открие дека светлината се шири во права линија (зраци), дека може да се одбива, впива или да се прекршува;<br>• да стекне сознание дека енергијата може да се претвора од еден во друг облик и да се зачувува;<br>• да се информира и да ја открива потребата и начините за штедење на енергијата. | | Метали<br>Рѓосување<br><br>Енергија<br><br>Светлина<br>Спектар на бои<br>Сенка<br>Одбивање на светлината<br><br>Топлина<br><br>Електрична енергија<br><br>Батерија | • Ширење на светлината низ кутија со отвори.<br>• Изработување на едноставен сончев часовник (светлина – сенка).<br>• Создавање виножито, со призма, цртање.<br>• Одбивање и пренасочување на светлината со огледало.<br>• Докажување на прекршување на светлината со објекти во вода.<br>• Читање на текстови за Никола Тесла и други научници.<br>• Замена на батерија во различни предмети, играчки, часовник.<br>• Дискусија за употребата на акумулатор. |

| ОРИЕНТАЦИЈА НА ЗЕМЈАТА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги определува страните на светот на карта;<br>• да ги определува страните на светот во природата;<br>• да го разбере значењето на поимот размер и неговата примена на карта;<br>• да ги препознава различните видови на карти;<br>• да ги препознава единиците за изразување на географска широчина (екватор) и должина (гринич);<br>• да ги пронаоѓа и ги покажува географските топоними на карта;<br>• преку примери да го објаснува поимот месно време;<br>• да објаснува за разместеноста и бројот на часовните зони на Земјата со глобус и карта. | Ориентација на површината на Земјата<br><br>Размер, видови карти, географска широчина и должина<br><br>Месно време и часовни зони | Карта<br><br>Глобус<br><br>Компас<br><br>Размер<br><br>Паралели<br>Меридијани<br><br>Месно време<br><br>Часовна зона<br><br>Датумска граница | • Покажување на страните на светот на карта и глобус.<br>• Вежбање во училница или училишен двор за определување на страните на светот со помош на компас.<br>• Ориентирање во природата: со помош на ставот на телото, положбата на Сонцето, мовот на дрвјата, сенката на некој објект и др.<br>• Прикажување на природни објекти на карта, во зададен размер.<br>• Демонстрирање и илустрирање на мрежата на напоредници и меридијани.<br>• Планирање на замислено патување низ различни часовни зони. |

| ЕКОЛОГИЈА И РАЗНОВИДНОСТ НА ЖИВИОТ СВЕТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги опишува условите за живот во животните средини: вода и почва;<br>• да ја согледува разновидноста на живиот свет;<br>• да го разбере групирањето на организмите според сложеноста и сродството (царства на живите организми);<br>• да ја увидува големината и значењето на моришата;<br>• да ги поврзува одликите на животната средина (копнена и водена) со типот на животната заедница (ливада, шума, барска, речна, езерска заедница);<br>• да ги опишува составот, поделбата, појавите и процесите во атмосферата, преку примери;<br>• да ги разликува поимите време (временски прилики) и клима;<br>• да стекне знаења за климата и разместеноста на климатските појаси на Земјата;<br>• да опишува како човекот ја менува природата со ширењето на населбите;<br>• да објаснува преку примери како земјоделството и индустријата ја менуваат природата;<br>• да ги искажува своите размислувања за позитивните и негативните последици од урбанизацијата. | Животни средини<br><br>Разновидност на живиот свет<br><br>Копно и копнени животни заедници<br><br>Води на Земјата и водни животни заедници<br><br>Атмосфера, време, клима<br><br>Менување на природата со урбанизација | Копно<br><br>Море<br>Води на копното<br><br>Животна заедница<br><br>Кислород<br><br>Време<br><br>Клима<br><br>Урбанизација | • Докажување на присуство на воздух и вода во почвата.<br>• Докажување на пропустливоста на водата во различни почви.<br>• Докажување на воздух во водата.<br>• Изработување на илустрација за соодносот на солената и слатката вода на Земјата.<br>• Дискусија за петте царства на живите организми, врз основа на графички и видео материјали.<br>• Прикажување на видеозапис за водните и копнените животни заедници.<br>• Изработување пано со слики или цртежи на растенија и животни кои се типични за ливада или шума.<br>• Изработување пано со слики или цртежи на растенија и животни кои се типични за бара, река или езеро.<br>• Истражување на среднодневната температура на воздухот во текот на една недела.<br>• Набљудување на сателитски снимки (приказ) за климата.<br>• Следење на локалното време (во местото на живеење).<br>• Истражување: На кој начин земјоделството и индустријата ја менуваат природата.<br>• Истражување на тема: Како се шири една населба (местото на живеење). |

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

**❑ Насоки за меѓупредметно поврзување**

Наставниот предмет природни науки ги има сите карактеристики на меѓупредметно поврзани цели, содржини и активности. Со оглед на фактот што наставната програма е структурирана за да поттикнува кај ученикот интегриран развој во сфаќањето на природата, се очекува и планирањето на наставата да ја следи оваа глобална цел. Целите и содржините од овој наставен предмет се компонирани од аспект на сите природни науки: биологија, хемија, физика и географија (физичкиот аспект). Сите цели и содржини треба да го промовираат кај ученикот единството, целовитоста и променливоста на природата, природните објекти, феномени и процеси, за да поттикнат кај него усвојување на применливи знаења, навики и вештини

**❑ Препораки за користење на годишниот фонд на часови**

Препораките за годишниот фонд на часовите се дадени како ориентација заедно со конкретните цели и теми/содржини, што секако не треба да го ограничува нивното прераспределување, според потребите при реализацијата. Поинаквото планирање на часовите треба да го проценува наставникот според достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитетот на знаењата и способностите кои тие ги постигнуваат.

*Наставниот предмет природни науки во V се изучува со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.*

**❑ Наставни средства:**

• учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет, одобрен од министерот;
• други извори на учење во непосредната околина – предмети и објекти во природата;
• енциклопедии, атласи, карти, глобус и сл.;
• лабораториски прибор, лупа, линијар, вага, компас, микроскоп;
• Интернет, образовни софтвери;
• списанија од областа на природните науки;
• визуелни средства (слики, цртежи, апликации, фолии, паноа, модели, макети и др.);
• аудио-визуелни средства (графоскоп, дигитален фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД – плеер, видеоплеер, компјутер, ЛЦД проектор и др.).

# 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

❑ Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата (промените) на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување), со цел да се воспостават врските помеѓу учењето, поучувањето и оценувањето. Следењето на постигањата на учениците е составен дел на планирањето на наставата и на учењето.
❑ Оценувањето треба да се базира врз користење на повеќе различни методи за да се намалуваат слабостите и за да се земаат предвид различните стилови и предиспозиции за учење на учениците. Притоа, проверувајќи го напредокот во постигањата на учениците, наставникот може да ги насочува учениците кон поставените цели на наставата.
❑ Оценувањето треба да биде праведно, т.е. да се спроведува непристрасно, како при вреднувањето на постигањата, така и при интерпретацијата и користењето на резултатите.
❑ Оценувањето треба да се врши транспарентно, што подразбира дека учениците треба точно да знаат кои се целите на наставата, кои се очекуваните постигања и како тие постигања ќе се оценуваат. Тоа значи дека учениците треба да знаат зашто и што треба да научат и што, како и кога ќе се оценува.
❑ Учениците и родителите континуирано треба да имаат увид во оценувањето.

❑ Начини на проверување и оценување:
• усни одговори на прашања поставени од наставникот или од ученици, разговор меѓу наставникот и учениците и разговор меѓу учениците;
• писмени извештаи на податоци од истражувањата;
• практична изведба (вежби, моделирање, изработка на цртежи, скици, други графички материјали, примена на формули и сл.);
• проектна работа (набљудување, предвидување, собирање податоци и објекти, мерења, запишување и прикажување на податоците, презентирање);
• работа во група.

❑ Други средства и постапки за следење и оценување:
•разговор-дијалог наставник-ученик;
•контролни листови, тестови на знаења;
•домашни работи;
•чек листи.

Постигањата на учениците во текот на годината се оценуваат со описна и бројчана оценка, а на крајот на наставата се изведува бројчана оценка.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28. 02. 2008 година.

## 6 НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во V одделение може да ја изведува лице кое завршило студии по:
- двопредметна група: биологија – хемија, ПМФ;
- еднопредметна група географија - наставна насока, ПМФ;
- еднопредметна група биологија - наставна насока, ПМФ;
- еднопредметна група хемија - наставна насока, ПМФ;
- еднопредметна група физика - наставна насока, ПМФ.

Постојниот наставен кадар треба да се здобие со сертификат од БРО за изведување на настава по предметот природни науки.

## 7. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

1. Светлана Брашнарска, советник во БРО- Скопје, координатор
2. Ивица Гиевски, советник во БРО-Скопје
3. Гордана Донева-Атанасоска, советник во БРО-Скопје
4. Д-р Ленка Цветановска, ПМФ – Институт за биологија, Скопје
5. Д-р Оливер Зајков, ПМФ – Институт за физика, Скопје
6. Д-р Сашо Панов, ПМФ – Институт за биологија, Скопје
7. Бети С.Трајковска, проф. во ОУ ”Гоце Делчев” – Скопје
8. Соња Тануркова, проф., ОУ “Владо Тасевски” – Скопје

Наставната програма по *йриродни науки* за петто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4082/1 од 22.05.2008 година.

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## НАСТАВНА ПРОГРАМА

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот музичко образование за V одделение за деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да применува правилна вокална интерпретација;
- да го развива опсегот на гласот;
- да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина;
- да се оспособува за двогласно пеење;
- да развива навики за активно слушање музика;
- да препознава и именува основни видови на темпо;
- да препознава и именува основни видови на динамика;
- да ги усвои стручните поими за динамиката;
- да ја усвои дурската скала теориски и на слух;
- да ја усовршува техниката на свирење на ДМИ (мелодиски и ритмички);
- да го развива чувството за колективно музицирање (свирење и пеење);
- да ги усвојува елементите на нотното писмо;
- да ги развива умеењата за пеење и свирење по ноти;
- да ги усвојува елементите на музичката граматика;
- да стекнува позитивен став за народното творештво и народното музичко творештво;
- да ги спознава основните елементи и карактеристики на народното творештво и народното музичко творештво;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

## 2.КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| I. ПЕЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да го развива опсегот на гласот;<br>• да развива чувство за ритам, идентификува определен ритам, утврдува основни ритмички соодноси (1:1, 1:2, 2:1);<br>• да пее песни различни по содржина и карактер со примена на соодветно темпо и динамика;<br>• да пее по ноти со тактирање;<br>• да развива способност за двогласно пеење по слух (преку интерпретација на канон);<br>• да го сфати поимот канон. | • Пеење по слух: детски, уметнички, народни песни, песни поврзани со државни и верски празници* различни по содржина и карактер (опсег h мало- d2)<br><br>• Пеење по ноти: елементарни мелодиски вежби и песни (со употреба на тоновите до1- до2 во траење на цела и осмина нота)<br><br>• Двогласно пеење по слух:<br>пеење двогласни канони<br>(научени во IV-одд. како едногласни песнички) | • Двогласно пеење<br><br>• Канон | • Пеење песни по слух, различни по содржина и карактер ( пр, пее песни за годишните времиња, детски песни, народни песни и др. со опсег h мало- d2).<br><br>• Пеење на кратки мелодиски мотиви со употреба на тоновите до1- до2 ( пр.1: наставникот го пее мотивот со именување на тоновите а учениците го повторуваат.<br>• Пр2: наставникот го пее мотивот со текст а учениците го повторуваат со именување на тоновите).<br>• Пеење на елементарни вежби и песни по ноти со тактирање.<br><br>• Изведба на канонот Овчарска песна - двогласно по ноти.<br>• Изведба на канонот Медо и мед- двогласно по слух. |

| II. МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги препознава и применува тововите си1 и до2;<br>• да го усвои поимот тонска скала;<br>• да ги усвои елементите на тонската скала (стапало, степен, тетракорд);<br>• да ја препознава и применува C- dur скала;<br>• да го усвои поимот интервал;<br>• да ги усвои поимите прима, секунда и октава;<br>• да ги препознава и применува прима, секунда и октава;<br>• да го усвои стручниот поим темпо и ознаките за основните видови темпо и постепените промени на темпо (на мајчин јазик);<br>• да разговара за изгледот и примената на метрономот; | • Положбата на тоновите си1 и до2 на петтолиние (ноти)<br><br>• Тонска скала<br><br>• C-dur скала<br><br>• Интервали: прима секунда и октава<br><br>• Темпо<br><br>• Динамика<br><br>• Цела и осмина нота<br><br>• Цела и осмина пауза<br><br>2/4, 3/4, 4/4 тактови<br><br>• Знаци за продолжување на нотната вредност (лак, точка) | • Положбата на тоновите на петтолинии (ноти):<br>– Си1<br>– До2<br>– Тонска скала<br>– Интонација<br>– Степен (цел степен, полустепен)<br>– Стапало<br>– Тонски род- дур<br>– C-dur скала<br>– Тетракорд<br>– Латинско (абецедно) именување<br>– Аретинско (солмизационо) Именување<br>– Интервал<br>– Прима<br>– Секунда<br>– Октава<br><br>– Бавно<br>– Умерено<br>– Брзо<br>– Забавување<br>– Забрзување<br>– Метроном<br>– Пијано (п)<br>– Форте (ф)<br>– Крешендо (<) | • Вежби за запишување на тоновите си1и до2.<br>• Вежби за визуелно препознавање на тоновите си1и до2.<br>• Пеење и свирење на мелодиски вежби со тоновите си1и до2.<br>• Вежби за запишување на скалата C-dur и нејзините елементи.<br>• Вежби за визуелно препознавање на скалата C-durр и нејзините елементи.<br>• Пеење и свирење на скалата C-dur и нејзините елементи.<br>• Пеење и свирење на мелодиски вежби во скалата Ц-дур со анализа на нејзините елементи кои се сретнуваат во вежбите.<br>• Вежби за запишување на интервалите прима, секунда и октава.<br>• Вежби за визуелно препознавање на интервалите прима, секунда и октава.<br>• Вежби за слухово препознавање на интервалите прима, секунда и октава.<br>• Пеење и свирење на интервалите прима, секунда и октава.<br>• Пеење и свирење на мелодиски вежби со интервалите прима, секунда и октава.<br>• Запознавање со стручните изрази за основните видови темпо и постепените промени на темпо (на мајчин јазик).<br>• Пеење и свирење со примена на стручните изрази за основните видови темпо и постепените промени на темпо (на мајчин јазик). |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да го усвои стручниот поим динамика и ознаките за основните видови; динамика и постепените промени на динамиката (на италијански јазик);<br>• да препознава и применува цела и осмина нота;<br>• да препознава и применува цела и осмина пауза;<br>• да го усвои поимот такт;<br>• да доживее силни и слаби тактови времиња;<br>• да ги усвои поимите „теза”, „арза” ;<br>• да ги препознава и применува тактови: 2/4,3/4 и 4/4;<br>• да ги препознава и применува знаците за продолжување на нотната вредност - лак и точка. | | – Декрешендо (>)<br>– Цела нота<br>– Осмина нота<br>– Цела пауза<br>– Осмина пауза<br>– Такт<br>– Теза<br>– Арза<br>– Музички метар<br>– Знаци за продолжување на нотната вредност<br>– Лак<br>– Точка | • Примена на стручните изрази за основните видови темпо и постепените промени на темпо (на мајчин јазик) при слушање на музика.<br>• Пеење и свирење со примена на метроном.<br>• Запознавање со стручните изрази за основните видови динамика и постепените промени на динамика (на италијански јазик).<br>• Пеење и свирење со примена на стручните изрази за основните видови динамика и постепените промени на динамика (на италијански јазик).<br>• Примена на стручните изрази за основните видови динамика и постепените промени на динамика (на италијански јазик) при слушање на музика.<br>• Вежби за запишување на осмина и цела нота и пауза.<br>• Вежби за визуелно препознавање на осмина и цела нота и пауза.<br>• Парлато изговарање и свирење на ритмички вежби со осмина и цела нота и пауза.<br>• Пеење и свирење на мелодиски вежби со осмина и цела нота и пауза.<br>• Слушање музички примери и воочување на силни и слаби времиња преку тактирање.<br>• Визуелно прикажување на теза и арза.<br>• Препознавање на теза и арза во музички примери.<br>• Визуелно прикажување на различни комбинации на теза и арза – такт и неговите видови според бројот на времињата (дводелен, троделен, четириделен).<br>• Вежби за визуелно препознавање на 2/4, ,3/4 и 4/4.<br>• Парлато изговарање и свирење на ритмички вежби во 2/4, ,3/4 и 4/4.<br>• Пеење и свирење на мелодиски вежби во 2/4, ,3/4 и 4/4.<br>• Вежби за визуелно препознавање на знакот за продолжување – лак и точка, поединично и во комбинација.<br>• Вежби за запишување на знакот за продолжување – лак и точка, поединично и во комбинација.<br>• Парлато изговарање и свирење на ритмички вежби со знакот за продолжување – лак и точка, поединично и во комбинација.<br>- Пеење и свирење на мелодиски вежби со знакот за продолжување – лак и точка, поединично и во комбинација. |

| III. СЛУШАЊЕ МУЗИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да развива способност за целосно слушање на музичко дело (или заокружен фрагмент);<br>• да дискутира за впечатоците од музиката;<br>• да доживува изведба во основни видови на темпо и постепени промени на темпо;<br>• да доживува изведба со основните видови на динамика и постепени промени на динамиката;<br>• да развие способност за воочување и именување на основните видови на темпо и промените на темпото во музичките дела;<br>• да развие способност за воочување и именување на основните видови на динамика и постепените промени на динамиката во музичките дела; | • Вокални, инструментални, вокално-инструментални музички дела од различни стилови и жанрови, различни по карактер и содржина<br><br>• Вокални, инструментални и вокално-инструментални музички дела во основни видови на темпо и промени на темпото<br><br>• Вокални, инструментални и вокално-инструментални музички дела со основни видови на динамика и промена на динамиката<br>•Елементи на музичката граматика во музичко дело | – Вокална музика<br>– Инструментална музика<br>- Вокално-инструментална музика<br>– Темпо<br>– Динамика<br>– карактер<br><br>– Изведба во бавно темпо<br>– Изведба во брзо темпо<br>– Изведба со забавување<br>– Изведба со забрзување<br>– Звучност пијано звучност форте<br>– Постепена промена на звучност крешендо<br>– Постепена промена на звучност декрешендо<br><br>– Мотив<br>– Фраза | • Слушање на „Пештера на шумскиот крал” од суитата „Пер Гинт” на Е. Григ:<br>– информација за композиторот и делото;<br>– повеќекратно слушање со различни задачи (истата композиција се користи и за доживување, воочување и именување на изведба со забрзување и постепена промена на звучноста крешендо);<br>– слушање на вокални и вокално-инструментални музички дела по избор на наставникот (според горенаведената постапка);<br>– слушање на делото „Зима” (II став, фрагмент до 1:05) од циклусот „Годишни времиња” на А. Вивалди според горенаведената постапка. Додатна цел: доживување, воочување и именување на изведба во бавно темпо.<br>• Слушање на делото “Бумбаров лет” од Н. Римски-Корсаков според горенаведената постапка. Додатна цел: доживување, воочување и именување на изведба во брзо темпо.<br>• Слушање на делото „Радецки – марш“ од Ј. Штраус според горенаведената постапка. Додатна цел: доживување, воочување и именување на звучност форте<br>• Слушање на делото „Приспивна песна” од Ј. Брамс според горенаведената постапка. Додатна цел: доживување, воочување и именување на звучност пијано.<br>• Слушање на делото „Ехо” од О. Ласо според горенаведената постапка. Додатна цел: доживување, воочување и именување на звучност форте и пијано (контраст форте - пијано). |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да доживува мотив и фраза во музичко дело по слух;<br>• да воочува и препознае мотив и фраза во музичко дело по слух. | | | • Слушање на делото „Утро" од суитата „Пер Гинт" на Е. Григ (фрагмент од почеток) според горенаведената постапка. Додатна цел: доживување, воочување и именување на изведба во умерено темпо со постепена промена на звучноста крешендо.<br>• Слушање на делото „Кенгури" од циклусот „Карневал на животните" на К. Сен-Санс според горенаведената постапка. Додатна цел: доживување, воочување и именување на изведба со забрзување, забавување и постепена промена на звучност крешендо и декрешендо.<br>• Слушање Тешкото (народно) според горенаведената постапка. Додатна цел: доживување, воочување и именување на изведба со забрзување и постепена промена на звучност крешендо.<br>• Слушање на „Приспивна" за пијано од Филип според горенаведената постапка. Додатна цел: доживување, воочување и именување на мотив и фраза. |

| IV. СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• правилно да свири на ДМИ (ритмички);<br>• да ја развива техниката на свирење на блок флејта;<br>• правилно да употребува прстоpед на тоновите си1- до 2;<br>• да се воведува во ансамблово свирење на две мелодиски линии (делници);<br>• да развива способност за колективно музицирање. | • Свирење по ноти:<br>– ритмички вежби со осмина нота и осмина паузи (ритмички инструменти)<br>– мелодиски вежби за Блок флејти ( опсег од до1- до2 )<br>– вежби со знаци за продолжување на нотната вредност- лак и точка<br><br>• Свирење по слух:<br>– двогласни канони (врз база на претходно научени напамет едногласни мелодии на канон) | – Инструментален состав<br><br>– Канон | • Свирење на ритмички вежби (утврдување на осмини ноти и паузи);<br><br>• свирење на мелодиски вежби (утврдување на осмини ноти и паузи, и тоновите до1- ла1 и примена на тоновите си1 и до2 );<br><br>• свирење на ритмички и мелодиски вежби со знаци за продолжување на нотната вредност- лак и точка;<br><br>• свирење на двогласни канони со опсег од до1 – до2<br><br>• свирење на едноставни партитури со ритмички и мелодиски инструменти (пр.: мелодија кај блок флејти и придружба со ритмичките инструменти). |

| V. МУЗИЧКА ГРАМАТИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ја доживее фразата преку поврзаноста на музиката со литературниот текст;<br>• да го усвои поимот фраза преку споредба на литературниот текст со нотниот текст;<br>• да ја препознава фразата во песната и вежбите. | • Фраза (двотакт) | • Фраза | • Повторување на активностите од IV одделение (мотив) преку песната „Зима, зима”.<br>Изразно читање на литературниот текст на песната „Зима, зима” со јасна дикција и динамичко нијансирање.<br>Текст на песната: „Зима, зима снегот снежи, студот стега, секој бега”.<br>I активност: Воочување и препознавање на стихови (фрази) во песната.<br>II активност: Наставникот го пее литературниот текст, а учениците треба да ги воочат фразите во песната.<br>III активност: Наставникот пее фрази по ноти, а учениците ја повторуваат мелодијата со зборови (стихови).<br>• По истата постапка може да се воочи фразата во други песни, вежби преку свирење на ДМИ и др. |

| VI. НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да го усвои поимот фолклор;<br>• да го усвои поимот музички фолклор;<br>• да ги воочува и разликува основните карактеристики фолклорот и музичкиот фолклор;<br>• да ги препознава и именува народните песни според содржината;<br>• да стекнува позитивен став кон народното музичко творештво. | • Фолклор<br>• Музички фолклор<br>• Поделба на народните песни според содржината | • Фолклор<br>• Музички фолклор<br>• Народна песна | • Усвојување на поимот фолклор преку проектни активности:<br>– собирање на разни елементи од фолклорот.<br>• Усвојување на поимот музички фолклор преку проектни активности:<br>– собирање на разни елементи од музичкиот фолклор<br>• Усвојување на поимот народна песна преку проектни активности:<br>– собирање на разни видови народни песни од разни краишта. |

| VII. МУЗИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги развива креативните способности;<br>• да развива способност за воочување на убавото во вокалната интерпретација;<br>• да развива критичност и самокритичност;<br>• да го применува знаењето од ИКТ во наставата по музичко образование. | • Содржини од сите наставни теми | | • Ликовно и литературно изразување на изучените песни и слушаните дела;<br>– свирење на фрази со ДМИ- (ритмички и мелодиски);<br>– пеење на народни песни според различни по содржина (концерт на ниво на одделение).<br>• Пребарување на Интернет податоци на тема: „Фолклор - народно творештво”. |

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини по предметот *музичко образование* во V одделение на деветгодишното основно образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од други наставни програми. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.
При реализирање на содржините наставникот треба да го поттикнува и фали секое дете при музичкото изразување и не смее да се дозволи да се прави атмосфера на компетитивност меѓу учениците.

***Годишен фонд на часови (ориентационо)***

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Пеење | 10 |
| 2. | Музичка писменост | 25 |
| 3. | Слушање музика | 15 |
| 4. | Свирење на детски музички инструменти | 8 |
| 5. | Основи на музичките форми | 4 |
| 6. | Народно музичко творештво | 7 |
| 7. | Музичко изразување и творење | 3 |
| Вкупно: | | 72 |

***Забелешка: Бројот на часовите е даден ориентационо.***

**Наставни средства**:
- ❑ аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
- ❑ детски музички инструменти;
- ❑ дидактички средства и материјали;
- ❑ визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
- ❑ Интернет, образовни софтвери.

# 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (описно оценување во текот на годината, а на полугодие и на крајот на годината наставникот изведува бројчана оценка).
При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секое дете.

# 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

# 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по музичко образование во петто одделение може да ја изведува лице кое завршило:

• Педагошки факултет – професор за одделенска настава;
• дипломиран педагог.

# 7. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» Анкица Витанова, советник за музичко образование и музичка уметност, БРО - Скопје
» м-р Викторија Коларовска-Гмирја, вонреден профессор на Факултетот за музичка уметност - Скопје
» м-р Владимир Лазаревски, Факултет за музичка уметност – Штип
» Вера Ангеловска, наставник - ОУ „Кузман Ј.Питу“ - Скопје
» Марина Васиќ-Стефановска, наставник - ОУ „Коле Неделковски“- Скопје

Наставната програма по *музичко образование* за петто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4069/1 од 22.05.2008 година.

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование донесе наставна програма по предметот *ликовно образование* за V одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:
• да перципира простор и релации во просторот;
• да развива поголема визуелна способност;
• да се запознава со нови ликовни техники и да комбинира ликовни техники;
• да запознава нови термини кои се користат во наставните содржини;
• да искажува љубопитство и интерес за ликовна работа и творење;
• да развива способности за примена на разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање, градење и визуелни комуникации во ликовното изразување;
• да ги знае и да ги разликува особеностите на ликовните материјали, постапки за работа и правилна употреба на помагалата и алатот во ликовно – творечката работа;
• да го открива и користи ликовниот јазик - ликовните елементи: линија, боја, форма, текстура, плоштина, простор и друго и нивната употреба во ликовното творештво;
• да ја осознава функцијата на бојата во секојдневниот живот;
• да ги знае и објаснува основните поими и ликовните термини;
• да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештво;
• да ги користи елементите од народниот фолклор во дизајнирање на предмети;
• да твори самостојно, тандемски, групно и колективно;
• да умее да направи избор на идеја, активност и средства и да состави ликовна творба;
• да развива способности за набљудување, вербално објаснување и естетско проценување;
• да развива способност за разликување на уметнички дела од различни ликовни подрачја (цртеж, слика, скулптура, архитектура);
• да развива свест за уметничка култура;
• да ги користи креативно сите искуства и творечки потенцијали;
• да ги искажува критично, мислењето, емоциите и впечатоците од набљудувани уметнички дела;
• да умее вербално да ја објасни ликовната творба;
• да умее да ја користи компјутерската техника за ликовното творештво;
• да развива  културно-хигиенотехнички и работни навики.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ЦРТАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се оспособува да забележува во природата видик и видико¬ва линија;<br>• да воочува и применува видови ритам;<br>• да стекне елементарно знаење за точката како ликовен елемент;<br>• да комбинира точки, линии и плоштини и да црта текстура;<br>• да воочува и да споредува целина и детаљ;<br>• да создава со детали композиција;<br>• да воочува во природата статика и динамика (објекти кои се движат и не се движат);<br>• да се воведува во нова техника (тушеви во боја);<br>• да се оспособи да црта и лавира со тушеви во боја;<br>• да ја претставува сенката на предметите со сенчење;<br>• да забележува и применува разновидни линии и црта контраст;<br>• да црта контраст на линии со различен интензитет;<br>• да го открива и да коментира за богатството на линии, ритам, текстура, статика-динамика на цртеж на познати уметници, мотив, техника...;<br>• да воочува, препознава и именува линии, ритам на цртежи на познати уметници. | • Средства за цртање и нивна употреба<br><br>• Ликовни елементи во цртањето<br><br>• Цртање<br><br>• Естетско проценување | • Композиција<br>• Видик<br>• Видикова линија<br>• Точка<br>• Тушеви во боја<br>• Текстура<br>• Сенчење | Активности за:<br>• набљудување на непосредната околина, забележување простор (блиски и далечни објекти).<br>• Црта мотиви преку кои претставува блиски и далечни објекти.<br>• Воочува разлики меѓу дводимензионален и тридимензионален простор.<br>• Во природата го забележува ритамот на формите и линиите.<br>• Од фолклорните елементи го применува ритамот во ликовните творби.<br>• Ја забележува композицијата во непосредната околина.<br>• Со цртање на линии и форми компонира композиција (геометриски тела, овошје)<br>• Во природата (непосредната околина) го воочува движењето на објектите во однос на другите кои не се движат.<br>• Црта играчи и публика, дрво и животни во движење,велосиподист (употребува контраст на статика-динамика).<br>• Користи линии со различен интензитет(дрво во зима, опожарена шума-туш и четка).<br>• Набљудува цртежи од познати уметници и на нив открива движење. |

| СЛИКАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да знае соодветно да ги користи подлогите, приборот и сликарските материјали;<br>-• да забележува различни тонови на боја во природата;<br>-• да воочува локални бои на предмети и појави во непосредната околина;<br>-• да го воочува и користи комплементарниот контраст на бои: црвена-зелена, жолта-виолетова, портокалова-сина;<br>• да комбинира мали и големи форми и да ги збогатува со сликарска текстура (според карактерот на мотивот);<br>• да покажува поголема осетливост за детали;<br>• да преобразува (трансформира) ахроматска композиција во хроматска;<br>• да умее да нанесува погуст или поредок слој на боја на сликарската подлога; | • Основни средства за сликање и нивна употреба<br><br>• Ликовни елементи во сликањето<br><br>• Сликање<br><br>• Естетско проценување | • Топли и ладни бои<br>• Темни и светли бои | • Набљудување на непосредната околина (просторот во училишниот двор и училишната зграда), забележува внатрешен и надворешен простор;<br>• сликање внатрешен и надворешен простор;<br>• анализирање предмети од природата (цветови, плодови само со разни бои) и ја воочува бојата;<br>• сликање мртва природа;<br>• сликање по фантазија (комплементарен контраст – колаж);<br>• сликање комбинација на мали и големи форми со сликарска текстура (предмети од народниот фолклор, носии, колани, престилки, накит);<br>• објаснување на поимот трансформација (промена) на ахроматски во хроматски тонови;<br>• сликање по доживеано и фантазија; |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да применува комбинирани ликовни техники;<br>• да разликува и именува разни мотиви: мртва природа, пејзаж, портрет, композиција;<br>• да ги искажува емоциите, мислењето и впечатоците од набљудувани дела (цртежи, слики, репродукции). | | | • слика со акварел тонови во боја (позадина),а откако ќе се исуши цртање детали со фломастери или со погуст слој боја (водена или темперна);<br>• сликање со восочен пастел цвеќе, а потоа позадина со акварел;<br>• цртање и сликање со различни сликарски и цртачки техники и материјали;<br>• анализирање ликовни дела и именување на ликовните техники и мотиви на делото;<br>• набљудување уметнички дела од македонски автори и искажување впечатоци, емоции од набљудувањето. |

| ОБЛИКУВАЊЕ ВО ПРОСТОРОТ, МОДЕЛИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ја усовршува мануелната способност и различните постапки за работа;<br>• да воочува и опишува волумен (аглест-валчест, испапчен-вдлабнат);<br>• да компонира две или повеЌе фигури во една целина;<br>• да воочува разлики (вид) на релјеф (висок-низок) и да моделира низок релјеф; | Средства за моделирање<br><br>Ликовни елементи во моделирањето<br><br>Моделирање<br><br>Средства за градење | • Волумен (аглест-валчест, испапчен-вдлабнат)<br>• Контраст<br>• Пропорција | • Преку игра се воочуваат и именуваат геометриските тела во училницата и непосредната околина (градби) и негеометриските слободни форми создадени од природата и човекот;<br>• моделирање и претставување различни форми (аглести, валчести, испапчени, вдлабнати);<br>• комбинирање и создавање композиција од природни материјали (плодови, камења, гранки, корења); |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да изработи макета на населбата, плоштад, улица, парк и на неа да преставии просторно решение;<br>• да се запознае со карактеристиките на стиропорот и со постапката на работа;<br>• да го применува стиропорот во моделирање;<br>• да го искажува своето мислење за тридимензионалните форми;<br>• да препознава полна пластика, статуа, релјеф, биста | • Ликовни елементи во градење<br><br>• Градење<br><br>• Естетско процену-вање | • Скулптура<br>• Биста<br>• Тридимензионалнос<br>• Релјеф (висок-низок) | • преку визуелни и тактилни перцепции откривање и воочување разлика на релјеф (висок-низок);<br>• моделирање во глина на низок релјеф со втиснување, гребење и длабење;<br>• од стиропор создавање разни елементи и комбинирање во композиција (перфорирање, составување, сечење, лепење...);<br>• комбинирање и составување во целина материјали кои ја промениле првобитната функција (амбалажа, отпадни материјали);<br>• моделирање и градење по набљудување, помнење и фантазија;<br>• посетување музеј или отворен простор (статуа, споменик, биста). |

| ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да воочува видови композиција;<br>• да развива умешност за изработка на плакат;<br>• да употребува геометриски и природни форми во изработка на фриз, орнамент…<br>• да користи елементи од народниот фолклор во дизајнирањето на предметите;<br>• да направат оригами според демонстрирано упатство;<br>• да го користи компјутерот за - изработка на дизајн. | • Дизајн<br><br>• Ликовни елементи во дизајнот<br><br>• Визуелни комуникации<br><br>• Естетско вреднување | • Оригами<br>• Постер<br>• Плакат<br>• Орнамент | • Набљудување фотографии, постери, корици од списанија, книги и воочување цртеж, текст, знак и други елементи;<br>• декорирање разни глинени предмети при што се користат елементите од народниот фолклор;<br>• со помош на компјутер правење нацрт за плакат;<br>• изработување нацрт за украсни предмети (вазни, ламли, лустери, накит...);<br>• изработување честитки, украси, накит…;<br>• изработување оригами (може и од тонирана хартија). |

| ГРАФИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| • Да го воочува специфичниот ликовен израз на графиката како ликовно подрачје;<br>• да се запознава со нова техника • гипсорез, ги запознава нејзините карактеристики, алати и постапки на работа;<br>• да отпечати самостојно гипсорез; | • Основни материјали за печатење<br><br>• Ликовни елементи во печатењето | • Линија<br>• Контраст<br>• Текстура<br>• Форма<br>• Композиција<br>• Отпечаток<br>• Длабење<br>• Валјак | • Разгледување видови графики (уметнички - репродукции или графики од повисоките одделенија) и именување на графичките техники (монотипија, картон печат);<br>• наставникот ги запознава учениците со техниката гипсорез, демонстрира длабење со глетата како и постапката на печатење;<br>• правење скица за графика; |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да применува разновидни плошни форми, текстури (од текстил) во картон - печатот;<br>• да изработува и печати едноставен графички знак или декоративен елемент;<br>• да стекне основни сознанија за компјутерската графика<br>(визуелните и ликовните карактеристики). | • Печатење<br><br>• Естетско проценување | • Композиција<br>• Отпечаток<br>• Длабење<br>• Ваљак | • на матрицата за картон печат поставување елементи со разни видови текстури (чипка, ребрест картон, јута, волница и др.);<br>• самостојно со ваљак нанесување боја и печатење;<br>• изработување едноставен знак и негово реализирање во графичка техника;<br>• користење на компјутерот за изработка на графика. |

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

• Наставните содржини од предметот ликовно образование даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, англиски јазик, запознавање на околината, музичко и физичко образование. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

**Наставни средства:**
• разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
• дидактички средства и материјали;
• визуелни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);
• слајдови, сликовници, списанија и сл.;
• удио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видеоплеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер и други средства зависно од предметот);
• Интернет, образовни софтвери.

# 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, колективната соработка и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.
• **Описно оценување:**
» опсервација на детето-ученик;
» разговор како начин на изразување;
» вербално опишување на сопствениот цртеж;
» степен на совладување на ликовните техники;
» индивидуални креативни способности;
» учество и изведба на ликовна творба;
» воочување и препознавање на разни предмети од непосредната околина и применување во ликовното творештво;
» презентација на ликовните ученички творби;
-» креативно изразување и творење во ликовните техники;
» препознавање на ликовните техники и материјали;
» активно учество во тимската работа и др.

*Во текот на годината наставникот може да користи комбинација на описно и бројчано оценување. На крајот на наставната година ученикот се оценува со бројчана оценка.*

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по ликовно образование во петто одделение може да ја изведува лице кое завршило:
•Педагошки факултет – професор за одделенска настава;
• дипломиран педагог.

## 7. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» Трајко Јовановски, советник по ликовно образование и ликовна уметност, БРО - Велес
» Ана Цветкоска - Панова, ЈУДГ „13 Ноември“- Скопје
» Роберта Јордановска, професор во одделенска настава, ОУ „Лазо Ангеловски“ - Скопје
» Соња Поповска-Трајковска ОУ „Димо Хаџи Димов “- Скопје
» м-р Маја Рауниќ-Киркова, асистент на Педагошки факултет – Скопје

Наставната програма по *ликовно образование* за петто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4067/1 од 22.05.2008 година.

НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование „Сл. весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот на образование донесе наставна програма по предметот *физичко и здравствено образование* за V одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот /ученичката:

- да применува вежби за правилен физички развој и подготовка;
- да ги развива физичките, функционалните и психомоторните способности;
- да изведува вежби за правилен и симетричен морфолошки развој, правилно држење на телото и правилна функција на локомоторниот апарат;
- да изведува и применува правилни и координирани вежби за јакнење, лабавење и растегнување;
- да се воведува во спортовите за развивање интерес за спортување;
- да развива ориентација во просторот со вежби и комплекси за психомоторните способности (координација на движењата во просторот, силата, брзината, еластичноста, снаодливоста, рамнотежата, експлозивноста и други);
- да совладува нови вежби и елементи од основите на спортовите и во игри (штафетни, карактерни, танци, игри без граници);
- да го збогатува своето спортско знаење со совладување на правилно изведени техники и елементи од основите на атлетиката, гимнастиката, ритмиката, танците;
- да ги знае и практикува правилата за игрите и рамноправно да учествува и соработува во тим-екипа;
- да стекнува здравствено-хигиенски навики и унапредување на здравјето;
- да умее одмерено да постапува за позитивно превентивно спречување и разрешување на евентуални конфликтни ситуации;
- да ги учи и правилно да ги применува поимите во физичкото и здравственото образование;
- да се ослободува од стрес преку физичка активност;
- да развива култура на однесување во спортувањето (како учесник, навивач, победник, поразен).

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ВЕЖБИ И ИГРИ ЗА ПРАВИЛЕН ФИЗИЧКИ РАЗВОЈ И ПОДГОТОВКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да се развива со адекватни комплекси вежби и игри;<br>• да ја одржува и подобрува основната физичка подготовка;<br>• да го обликува и правилно да го држи телото;<br>• да се поставува правилно, симетрично и благовремено во формите на работа во наставата;<br>• да ги развива вештините за координација на движењата на локомоторниот апарат и координацијата во просторот;<br>• да ги одржува и развива психофизичките вештини: брзина, рамнотежа, еластичност, експлозивност. | • Примена на содржини на поставување и движење на учениците во формации: по двајца и по четворица;<br>– движење во колона по еден, по двајца и по четворица; вртење во место, на лево и на десно; вртење налевокруг (вртење за 1800 ).<br><br>• Комплекси вежби за оформување на телото и движењата: вежби за јакнење, лабавење и истегнување , како и вежби за: рацете и рамениот појас, трупот и карлицата со нозете.<br><br>• Игри: елементарни, штафетни, игри без граници и полигони со користење на спортски реквизити и справи, со качување, слегување, провлекување, скокања итн. | • Спортски објекти<br><br>• Налево - надесно<br><br>• Спортски помагала | • Вежби за организирано поставување и движење.<br>• Вежби за оформување на телото при подготвување на организмот за оптоварувањата на часот, како и корективно.<br>• Компензаторни комплекси вежби, превентивни комплекси вежби.<br>• Вежби за правилна моторна функција на локомоторниот апарат. |

| АТЛЕТИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да се обучува правилно да трча со правилно движење со рацете и нозете;<br>• да се обучува да изведе штафетно трчање;<br>• да ги развива способностите за брза и навремена реакција;<br>• да ги развива големите мускулни групи на рацете, трупот, карлицата и нозете;<br>• да ги развива психомоторните способности и подвижноста на локомоторниот апарат;<br>• да се оспособува да ги применува техниките: скокање „ножици” и „згрчна” техника;<br>• да се поттикнува да учествува во игри со елементи на атлетиката. | • Примена на правилно трчање со промена на правецот на движењето, од право, цик - цак, (лево - десно) полукружно и кружно во функција на подигнување на општата физичка подготовка.<br>• Совладување на основите за:<br>- низок старт;<br>- висок старт.<br>• Примена на штафетно трчање.<br>• Скокање:<br>- скок од место<br>- скокови: примена на скокови со залет;<br>- техники: во височина „ножици“ и во далечина „згрчна“ техника.<br>• Фрлање<br>• Техника за фрлање топче во цел и во далечина-куглање;<br>• Штафетни игри - натпревари. | • Ритам и правец на движење<br><br>• Штафетно трчање (примена на разни форми)<br><br>• Низок старт<br><br>• Висок старт<br><br>• Техника ножици и техника „згрчна“<br><br>• Куглање<br><br>• Доскокнување | • Увежбување и изведување на елементите од атлетиката: одење, трчање, скокање, фрлање, фаќање, посебно го следи движењето на рацете и нозете, држењето на трупот и главата.<br>• Штафетни игри според интересот на учениците со совладани елементи од основите на атлетиката.<br>• Играње дама и организирање натпреварувања.<br>• Скокање со јаже; групни на едно јаже и индивидуални скокања.<br>• Скок во висина 20, 30 до 40 см, со внимание во доскокнувањето (амортизација на мека подлога).<br>• Натпревари: во фрлање топче во цел; префрлување топка преку ниска мрежа со погодување на определена цел; куглање со пластични топки итн.<br>• Брзо трчање 30 метри (мерење на времето). |

| ГИМНАСТИКА И РИТМИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да ја развива координацијата и вештините за движење на телото во просторот, гимнастичките и ритмичките елементи и комбинации на партер, на справите и во изведува¬њето на комплексите вежби;<br>• да развива способности за движење со склад со ритамот и музиката;<br>• да ја развива силата и подвижноста на големите мускулни групи;<br>• да применува естетско и елегантно држење на телото и делови од него;<br>• да применува термини од гимнастиката и ритмиката. | • Комплекси вежби: Корективно-компензаторни и превентивно заштитни<br>• Акробатика:<br>Примена на комбинација на партер од изучени елементи со: колут напред и колут назад; стој (став) на лопатки - свеќа, челна вага<br>• Справи:<br>- Примена на висови и нишање на ниски рипстоли, алки, вратило, разбој, греда и на др. справи: качување, висење, нишање, слегување - доскокну¬вање со амортизација<br>• Шведска клупа-примена на изучени елементи (одења со потскокнувања, вртења на клупа скокање од клупа со мек доскок<br>• Ритмика:<br>Примена на совладани ритмички елементи во комбинации на одење, трчање, завртувања и потскокнувања. Примена на обрачи. Мачкин скок и галоп скок. | • Колут назад<br><br>• Свеќа; стој (став) на лопатки<br><br>• Алки<br><br>• Разножно<br><br>• Ритмичко одење и трчање<br><br>• Мачкин скок<br><br>• Галоп скок | • Комбинирање и применување комплекси вежби со насочено влијание.<br>• Повторување и обука на елементите колут напред и назад (особено се поттикнуваат и охрабруваат учениците кои имаат поголе¬ма тежина, кои се плашат и имаат отпор во изведувањето на овие вежби).<br>• Качување, висење, нишање и слегување на гимнастички справи.<br>• Штафетни игри и полигони со совладани елементи од основите на атлетиката и гимнастиката.<br>• Ритмика, со и без музика.<br>• Поврзување и правење комбинации вежби од гимнастиката и ритмиката. |

| ТАНЦИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да игра танци од народното и модерното творештво;<br>• да применува естетски вежби и да развива способности за групна изведба;<br>• да го одржува телото и однесувањето сообразено со групното движење;<br>• да развива способности за движење и игра во просторот. | • Игри со музика<br><br>• Увежбување на претходно учените 2 ора и обука и играње на трето оро со музика<br><br>• Танци по избор<br>• Карактерни игри (особености) | • Имиња на научените народни ора<br><br>• Поими од правилата на чекорите на танците и ората | • Играње и пеење со ритмичко изведување на одредени движења поврзани со танците.<br><br>• Вежби за држење на телото и естетиката при играњето.<br><br>• Играње народни ора со различно темпо и сложеност на чекорите (од различни етнички заедници). |

***Се одбира спорт според интересот на учениците и можностите на училиштето.***

| ОСНОВИ НА СПОРТСКИ ИГРИ - КОШАРКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да ги увежбува и совладува елементите од кошарката;<br>• да ја развива подвижноста на локомоторниот апарат со топка (осетливост, координација) за придружбата со топка. | Основни кошаркашки елементи со топка (големина на топката според возраста) | • Кошарка, игра, кош и топка | • Учениците вежбаат слободно водење и индивидуално играње со топка која одговара на нивната возраст (топките се помали од класичните топки за кошарка).<br>• Елементарни и штафетни игри во кои улогата на ученикот и топката ќе имаат доминантна улога.<br>• Кошаркарско слободно водење.<br>• Кошаркарско додавање и фаќање со две раце.<br>• Обично и кошаркарско фрлање во одредена цел (низок кош, обрач, корпа и сл.). |

| ОДБОЈКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да ги совлада елементите од основите на одбојката;<br>• да ја развива соработката, колективниот и спортски дух;<br>• да ги развива способностите за игра со топка. | Основни елементи на одбојката | • Одбојка<br>• Одбојкарско одбивање<br>• Одбивање со „чекан“<br>• Одбојкарска мрежа | • Основни елементи со игри во место и движење.<br>• Одбивање на мала топка од ѕид.<br>• Додавање на топка преку јаже.<br>• Додавање на топка преку ниска одбојкарска мрежа.<br>• Одбивање на мала топка ( со прсти, чекан и надлактици); индивидуално и во парови.<br>• Примена на изученото на мини игралиште преку јаже, а потоа и преку одбојкарска мрежа ниско поставени. |

| РАКОМЕТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да ги совлада основните елементи од ракометот: техника на ракометно фр-лање - додавање и при-мање-фаќање на топката;<br>• да научи ракометен шут во гол. | Основни елементи во ракометот | • Ракомет<br>• Ракометен гол<br>• Ракометна мре-жа | • Слободно ракометно водење.<br>• Ракометно водење во определен правец.<br>• Слободно фрлање и фаќање на мала ракометна топка од ѕид.<br>• Разни слободни фрлања од различни висини на телото, од рамо гради.<br>• Ракометно фрлање во под со одбивање од ѕид.<br>• Додавање и фаќање на топка помеѓу двајца во место (во висина на гради и со корис-тење на подот).<br>• Ракометно шутирање на гол од место.<br>• Ракометно водење (слободно). |

| ФУДБАЛ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот /ученичката:<br>• да увежбува и совладува елементи од фудбалот;<br>• да ја осознае улогата на моториката поврзана со елементите со топка, сло-бодно водење и движење со топка;<br>• да усвојува техника на до-давањето на топката и шутирањето во гол. | Основни елементи во фудбалот | • Фудбал<br>• Водење на топка во фудбалот<br>• Гол во фудбалот<br>• Фудбалско шу-тирање<br>• Фудбалско игра-лиште | • Слободно водење на топка во фудбалот.<br>• Фудбалско шутирање во ѕид со прифаќање на одбиена топка.<br>• Фудбалско додавање и примање на топка во парови во место.<br>• Слободно фудбалско шутирање и шутирање на топка во одредена цел и во гол.<br>-• Игра - мал фудбал со модифицирани правила.<br>• Елементарни и штафетни игри со топка за фудбал. |

**НАСТАВНИ ТЕМИ – ПОДРАЧЈА КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ДОГОВОР СО РОДИТЕЛИТЕ**

- ❑ ПЛИВАЊЕ СО АКТИВНОСТИ НА ВОДА И ОБУКА
- ❑ СКИЈАЊЕ СО ОБУКА
- ❑ ИЗЛЕТИ И ПЕШАЧЕЊА
- ❑ УЧИЛИШТЕН СПОРТ
- ❑ СПОРТСКИ ШКОЛИ

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставата по физичко и здравствено образование во V одделение се реализира со 3 часа неделно, односно 108 часа годишно.
Наставната програма за *физичко и здравствено образование* за учениците се организира и реализира на совладаните елементи од наставните програми. Програмата овозможува континуитет на претходните наставни програми со вградување на спецификите за возраста и содржините кои доаѓат како надградба во темите синтетизирајќи ги научените елементи од спортовите и новите елементи кои треба во наставата да се научат сообразено со способностите на учениците со цел да се постигне повисок квалитет во наставата да се научат сообразено со способностите на учениците со цел да се постигне повисок квалитет во наставата и поширок спектар на совладани елементи од спортовите и постигнување на здравствени ефекти.
Првата тема *Вежби и игри за правилен физички развој и подготовка* останува како општа и основна потреба на учениците за перманентно подигнување на општите физички способности и подвижност на локомоторниот апарат и организмот во целина, за што наставниците треба да обрнат внимание на изборот и влијанието на вежбите, елементите и игрите со одмерено дозирање и разновидност во работата да се задржи и унапреди интересот и мотивацијата за вежбање. Наставниците треба да обрнат посебно внимание учениците правилно да ги изведуваат елементите со реквизити и помагала адекватно на способностите и возраста.
Другите наставни теми наставникот треба да ги насочи кон совладување на новите елементи, правилно да се изведуваат и воедно да го подигне спортското знаење на повисоко ниво.
Наставникот го следи морфолошкиот статус на учениците и презема мерки при евентуална појава на телесни деформитети и тоа со засилен интензитет и внимание кон овој проблем со примена на адекватни комплекси вежби. Поради тоа на секој час по физичко и здравствено образование задолжително се изведуваат вежби за оформување на телото и движењата, а наставникот треба на учениците да им задава и домашни задачи за вежбање на вежби за оформување на симетрично тело и движења. Учениците се мотивираат редовно и правилно да вежбаат и да го негуваат своето тело.
По договорот со родителите, наставникот подготвува програма за избраните содржини-теми-наставно подрачје.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Според Законот за основно образование, Концепцијата и целите на наставната програма по физичко и здравствено образование, постигањата на учениците од четврто до шесто одделение се оценуваат комбинирано-описно со изведување бројчана оценка во текот на наставата и на крајот на годината со бројчана оценка.
При формирањетона оценката наставникот води сметка за сите постигања на ученикот во наставата, бидејќи сите тие се подеднакво важни. Имено, тој оценката ја формира според ангажирањето на ученикот, спортското знаење, физичкиот напредок и способностите, залагањето, редовноста, комуникацијата, фер-плеј однесувањето, соработката и помагањето, исполнува-

њето на здравствено-хигиенските услови и навики пред, за време и по изведувањето на наставата. Во физичкото и здравственото образование нема посебни часови за оценување. Наставникот на секој час ги следи постигањата на ученикот во сите компоненти, ги евидентира и на тие основи формира оценка. На часот по физичко и здравствено образование наставникот посебно внимава наставата да ја изведува без никакви стресови или стрес ситуации, така што ученикот секој час треба да го заврши со позитивно емоционално чувство.
Физичките способности кај учениците се различни, па поради тоа наставникот не смее од нив да бара или поставува какви било норми за оценка. Секој индивидуално се оценува врз основа на залагањето и способностите, редовноста и другите елементи. Индикаторите на здравјето (психомоторните и функционалните способности) не се норми за оценување.

# 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

# 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

За реализација на наставната програма по *физичко и здравствено образование* за петто одделение на основното образование предвидени се наставници со завршен педагошки факултет - професор за одделенска настава или дипломиран педагог.

# 7. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» д-р Зоран Радиќ- професор на Факултетот за физичка култура, претседател - Скопје
» Слободанка Бадаровска, наставник во ОУ „Владо Тасевски“- Скопје
» Мирјана Андреска, наставник во ОУ „Владо Тасевски“- Скопје
» Златко Павловски, наставник во ОУ „11 Октомври”- Скопје
» д-р Насе Кондовски - кинезиолог, Биро за развој на образованието - Скопје

Наставната програма по *физичко и здравствено образование* за петто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4086/1 од 22.05.2008 година.

НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот техничко образование за V одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- ❑ да развива интерес и желба за нови сознанија од техниката и технологијата со користење на различни извори на учење;
- ❑ да се оспособува за примена на основните техничко технолошки знаења, умеења и навики во учењето, работата и секојдневниот живот;
- ❑ да ги проширува сознанијата за патот од идеја до реализација;
- ❑ да развива интерес и способност за техничко творештво (составување на модели и макети од готови елементи по сопствена идеја);
- ❑ да ги проширува и открива сознанијата за својствата на материјалите;
- ❑ да се оспособува за набљудување, опишување и споредување на предмети и појави во техниката и технологијата;
- ❑ да ги проширува знаењата и умеењата за безбедно движење во сообраќајот;
- ❑ да развива култура на однесување во сообраќајот.

## 2.КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА: ГРАФИЧКО КОМУНИЦИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката<br>• знае да организира работно место;<br>• да се оспособува правилно да го употребува приборот за техничко цртање;<br>• да идентификува формати на хартија;<br>• да скицира сопствени идеи на едноставни фигури;<br>• да црта рамка и составница;<br>• да се оспосеби со примена на правилата за техничко цртање, на основа на скицата да изработи технички цртеж;<br>• да се оспособи да чита работилнички и монтажен технички цртеж;<br>• да се оспособи да користи компјутер за цртање на едноставни технички цртежи. | • Култура на работа• училишна работилница<br>• Техничко цртање, прибор, материјали,<br>• Формати на хартија<br>• Графичка писменост-правила за изработка на технички цртеж (рамка и составница)<br>• Скица, технички цртеж, цртање на едноставен предмет<br>• Читање на работилнички и монтажен цртеж.<br>• Цртање на едноставен технички цртеж на компјутер | • Формати на хартија<br>• Рамка<br>• Составница<br>• Работилнички цртеж<br>• Монтажен цртеж | Активности:<br>• објаснување на значењето на уредно организирано работно место;<br>• демонстрирање и ракување со прибор за техничко цртање (триаголници, линијар, молив, шестар, гума);<br>• демонстрирање и опишување постапки за цртање на скица и технички цртеж;<br>• откривање карактеристики и разлики на скица и технички цртеж;<br>• анализирање скица и технички цртеж;<br>• користење готови технички цртежи;<br>• работилнички и монтажен и дискусија за нивните разлики;<br>• цртање едноставен технички цртеж на компјутер. |

| ТЕМА: МАТЕРИЈАЛИ , ГРАДБА И ОБЛИКУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се оспособува да се грижи за личната и колективната безбедност при работата;<br>• да знае да го организира работното место;<br>• да се запознава за материјалите и нивните својства;<br>• да се воведува во определувањето на технолошки постапки;<br>• да се оспособува правилно да го употребува алатот при работните постапки;<br>• да се оспособува рационално да ги користи материјалите при работата;<br>• да се поттикнува да формира позитивен став кон работата. | • Заштита на ученикот при обработка на материјалите<br>• Картон, дрво, мека жица<br>• Карактеристики на материјалите и нивна примена<br>• Технолошки постапки при работа со материјалите<br>• Чекори од идеја до готов производ | • Картон<br>• Дрво<br>• Мека жица<br>• Својства<br>• Физички<br>• Механички<br>• Технолошки постапки | • Инструирање за лична и колективна заштита при работа;<br>• идентификување на материјалите за работа;<br>• испитување на особините на картон и дрво (физички и механички-еластичност и тврдост);<br>• откривање и анализирање на технологијата на работа;<br>• откривање на соодветни патишта за градба на оригинални модели и макети по сопствена идеја;<br>• избирање, комбинирање на соодветни материјали за градба на избраната идеја;<br>• естетско обликување на материјалите;<br>• контрола на квалитетот (самоконтрола и контрола на наставникот).<br>Работни задачи:<br>• задачи за испитување на влажност, тврдост и елестичност (хартија, картон и дрво);<br>• работни задачи од комбинирани материјали: календар, авионче, камионче, макета на куќичка, чамец, сплав, автомобилче. |

| ТЕМА: КОНСТРУКТИВНО ТВОРЕШТВО | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се оспособува за безбедно користење на техничките средства,<br>• да открива и идентификува извори на сила;<br>• се запознава со пренос на сила и движење;<br>• да сознава елементи за пренос на сила и движење,<br>• да ги сознава за природните извори на енергија;<br>• да се оспособува да конструира едноставни модели или макети од конструкторски материјали по сопствена идеја. | • Заштита при ракување со технички средства (фен, бојлер, столна ламба и др.)<br>• Сила, пренос на сила и движење<br>• Елементи за пренос на сила и движење (оска, ремен, ременици и запчаници)<br>• Користење на енергијата на сонцето, водата и ветерот<br>• Конструкција на модели на енергетски претворувачи (воденично тркало и ветерница)<br>• Конструкција на модели и макети од конструкторски материјали по сопствена идеја. | • Фен<br>• Бојлер<br>• Столна лампа<br>• Сила:<br>- движење<br>• Оска:<br>- ремен и ременица<br>• Запчаник,<br>• Енергија,<br>• Енергетски претворувачи,<br>• Воденично тркало,<br>• Ветерница,<br>•Творештво | • Објаснување и демонстрирање примери за сила, пренесување на сила и движење;<br>• открива и анализира примери за пренесување на сила и движење;<br>• експериментирање за преносот на силата и преносните елементи за силата и движењето;<br>• откривање извори на природна енергија;<br>• идентификување и планирање елементи за конструирање;<br>• планирање и подготвување редослед и постапки при конструирањето;<br>• идентификување и избирање прибор и алат за градба на моделот по даден технички цртеж;<br>• експериментирање со конструираните модели. |

| ТЕМА: СООБРАЌАЈ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се запознава со елементите и објектите на патот;<br>• да се оспособува за безбедно учество (движење) во сообраќајот;<br>• да ги почитува сообраќајните знаци, правила и прописи во реална ситуација;<br>• да се оспособува да направи реална проценка на сообраќајната ситуација за безбедно учество во сообраќајот;<br>• знае и умее реално да ја процени сообраќајната ситуација на крстосница и безбедно да ја помине;<br>• ги применува и почитува правилата и прописите за велосипедист во патниот сообраќај;<br>• да се запознава со последиците од неисправноста на велосипедот;<br>• да се оспособува правилно да го користи и одржува велосипедот;<br>• да формира култура на однесување кон средствата во патниот сообраќај како пешак, велосипедист, возач на ролери, сопатник во патниот сообраќај;<br>• да се оспособува да вози велосипед на полигон. | • Елементи на улицата и објекти на патот<br>• Правила и прописи за учество на велосипедист во јавниот сообраќај<br>• Мојот велосипед<br>• технички карактеристики и одржување<br>• Полигонско возење на велосипед | • Коловоз<br>• Сообраќајна лента<br>• Тротоар<br>• Велосипедска патека<br>• Разминување<br>• Претекнување<br>• Обиколување<br>• Уреди на велосипед | • Набљудување и идентификување елементи на улица и пат (слајдови, графофолии, филм, компјутер);<br>• симулација на различни сообраќајни ситуации на сообраќајен училиштен полигон или виртуелни симулации на компјутер;<br>• решава сообраќајни ситуации со сообраќајни знаци;<br>• разговор за значењето на сообраќајните знаци во сообраќајот;<br>• објаснување и идентификување сообраќајни знаци за учество на велосипедистот во сообраќајот;<br>• идентификување основни конструктивни елементи на велосипедот;<br>• откривање елементи за пренос на сила и движење на велосипед;<br>• опишување уред за сопирање на велосипедот,<br>• управува велосипед на училиштен полигон. |

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

***Насоки за меѓупредметно поврзување***

Наставните содржини од наставниот предмет техничко образование даваат можности за интегрирано, целно и содржинско поврзување со наставните предмети техничко образование, информатика, природни науки,  математика, ликовно образование, запознавање на околината и творештво..

***Препораки за користење на годишниот фонд на часови***

Поставените цели во наставните теми даваат можност за самостојно планирање и реализација на содржините во согласност со напредувањето и потребите на учениците, како и почитување на принципот на актуелизација во наставата по техничко образование. Се користат актуелни работни и технолошки настани, ситуации, работни процеси и се поврзуваат со стекнатото искуство на учениците во училиштето и надвор од него. При набљудувањето, инструирањето и демонстрацијата учениците се упатуваат да употребуваат постапки и инструменти во сознавањето, разрешувањето и примената на стекнатите знаења во секојдневниот живот и практика. Во наставната програма, исто така, дадени се и конкретизирани цели кои се постигнуваат преку активностите на учениците кои се планираат за усвојување на предвидените содржини и за развивање на способностите на учениците за конструктивно творештво. Во текот на петтото одделение учениците ќе имаат прилика да се запознаат и оспособат за реализација на сопствените идеи и реализација на конструктивната замисла (моделот), што претпоставуваме дека е неопходно учениците да се оспособат својата идеја да ја претворат во дело. Ваквиот пристап на изработените наставни програми претпоставуваме дека дека значајно ќе влијае на развојот на техничкото творештво кај учениците. Активностите предвидени со програмата во петто одделение понекогаш опфаќаат повеќе цели, како и цели од различни содржини, односно од различни научни подрачја. Така што една цел може да ја постигнеме преку повеќе различни активности, а примерите на активностите се само можни предлози, а наставникот може за постигнување на целите да избере и други соодветни активности.

Наставниот предмет во V одделение се изучува со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

***Наставни средства***

❑ Во наставата по техничко образование, за осознавање на појавите и законитостите, како и појавите во општеството и односите меѓу луѓето неопходно е да се користат наставни средства од реални и симулирани ситуации и постапки.

❑ За постигнување на наведените цели во наставната програма по техничко образование треба да се изготви и учебник и да се обезбедат материјали за наставата од страна на училиштето:

❑ истражувачко катче и сообраќаен полигон со опрема, каде што ученикот може  да истражува според целите на наставата;

❑ дидактички и други визуелни средства: филмови, компјутер, апликации, фолии, паноа, слајдови, модели, макети и др.;

❑ енциклопедии и списанија од областа на науката и техниката;

❑ интернет, образовен софтвер;

❑ аудиовизуелни средства, дигитална камера, графоскоп, ДВД, ЛЦД проектор.

# 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

***Следење на постигањата на учениците***
Следење на постигањата на учениците
Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, се следи мотивираноста за учење, соработката со другите ученици и слично (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на работата на наставникот и учењето на ученикот.

***Начин на проверување и оценување:***

- ❑ ученички изработки, поединечни и групни;
- ❑ контролни тестови, тестови на знаења;
- ❑ работно експериментални истражувачки активности (планирање на работата, способности за истражување, способности за стекнување умеења и работни навики, осознавање и заклучување на појавите и законитостите во науката и техничката култура).

# 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

# 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во V одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- • педагошки факултет – професор по информатика и техничко образование;
- • интердисциплинарни студии – професор по производно техничко образование.
- • педагошка академија – наставник по техничко образование.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:
• уредно го подготвува работното место;
• умее правилно да го постави приборот, алатот и материјалот за обработка на работното место;
• користи прибор за техничко цртање;
• користи скица и технички цртеж за градба и обликување на модели и макети;
• скицира модел или макета по сопствена идеја;
• оспособен е да изработи едноставен технички цртеж;
• разликува материјали (картон, дрво и мека жица), рационално да ги користи и обликува;
• извршува едноставни истражувања за појавите и законитостите од областа на енергетиката;
• изработува едноставни макети и модели;
• формира позитивен став кон работата и културата на работење;
• правилно ракува со приборот и алатот;
• умее да се заштити при користењето на работниот и помошниот алат;
• знае за изворите на енергијата, силата, преносот на сила и движењето;
• составува елементите (делови) за градба и конструирање;
• конструира едноставни модели и макети од конструкторски материјал;
• формира став за правилно и безбедно учество во сообраќајот како велосипедист;
• ги почитува правилата и прописите за безбедно движење во сообраќајот;
• знае како правилно да го користи и одржува велосипедот;
• знае да комуницира во јавниот сообраќај како велосипедист.

## 8. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» Доцент д-р Азиз Шеху, Педагошки факултет, Скопје
» Славица Божиновска, професор по ПТО, ОУ „Кочо Рацин“ - Куманово
» Биљана Павлеска, професор по педагогија, ОУ „Владо Тасевски“ - Скопје
» Весна Настоска, професор по одделенска настава, ОУ „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
» Крсте Василески, советник во БРО - Скопје

Наставната програма по *техничко образование* за петто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4073/1 од 22.05.2008 година.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ТВОРЕШТВО

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *творештво* за V одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- ❑ да се поттикнува сопствените чувства и размислувања да ги преточи во текст, согласно своите можности и интереси;
- ❑ да се поттикнува да напише текст според сопствена замисла (покана, постер, плакат, благодарница, кратки текстови за драматизации, текстови за алманах, детско списание, училишно списание и сл.), согласно своите можности и интереси;
- ❑ да се оспособува да ја изрази својата музичка мисла преку пеење или свирење на некој инструмент кој го познава, согласно своите можности и способности;
- ❑ да го развива осетот за заедничко музицирање, согласно своите можности;
- ❑ да го усовршува ритамот и чекорот на различните видови современа музика, согласно своите можности;
- ❑ да развива ритмички и грациозни движења усогласени со различни видови на музика, согласно можностите и способностите;
- ❑ да се оспособува да осмислува едноставна кореографија, согласно своите можности;
- ❑ да се оспособува за попотполно и посигурно ликовно изразување на своите идеи и теми, за внесување повеќе детали и нивно поскладно комбинирање и компонирање во нови целини;
- ❑ да се поттикнува на оригинално ликовно изразување со ликовни и неликовни материјали;
- ❑ да се оспособува за поврзување на различните видови на детското творечко изразување;
- ❑ да се охрабрува слободно да настапува пред другите ученици, родителите и вработените во училиштето.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА: ГОВОРНО ТВОРЕШТВО | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се поттикнува да предлага идеи, да учествува во планирањето и донесувањето на годишниот план за творештво на своето одделение;<br><br>• да се поттикнува да собира неколку видови народни творби и на свој начин да го претстави народното творештво. | | Годишен план | • Изнесување предлози од страна на секој ученик (согласно сопствените интереси), предлагање на активности, договарање за активностите и конкретните обврски, за презентацијата на постигнатото пред родителите и другите ученици во училиштето.<br><br>• Формирање групи ученици кои со хартија, касетофони, блокови, фотоапарат и сл. ќе заминат во блиски населени места со цел да запишат, снимат приказни, песни, басни, гатанки, благослови, легенди за некој објект, место, народни песни, оро, народни обичаи и др.). По враќањето, материјалите ќе ги систематизираат и подготват за презентација во училиштето и пошироко на свој начин (во книга, цртежи, пеење песни, играње оро, ткаење и сл.). |
| • Да се поттикнува да состави свој текст за честитка, покана, постер, плакат, благодарница; | Пишување писмо, постер, плакат, покана, благодарница | Постер<br>Плакат<br>Благодарница | • Пишување писмо до непознато другарче од друго место или друга држава;<br>• пишување честитки за именден, за празникот на соучениците од други етнички заедници и сл.;<br>• пишување текст за постери и плакати за училницата, училиштето;<br>• пишување текст за благодарница (на пр., до родителите за нивна конкретна помош и поддршка, заедничка акција и сл.);<br>• активности „туширање со убави пораки" (секој ученик за секој свој другар ќе напише нешто убаво и ќе му ја подари пораката). |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да се поттикнува да состави нов текст инспириран од понудена слика. | | | • Организирање на посета на галерија или обезбедување репродукции на уметнички слики во училницата. Учениците ја набљудуваат сликата и поттикнати со прашањето: „Што се случува на сликата?” измислуваат свој текст. |
| • Да се поттикне да состави необични прашања за омилената личност. | Пишување прашања за замислено интервју со омилена личност | | • Составување прашања за омилената личност (спортист, пејач, актер и др.). Доколку директно или преку писмо добие одговори на прашањата, ќе ги објави преку училишното радио или училиштен весник. |
| • Да се поттикнува да напише текст според сопствена замисла;<br>• да се поттикнува сопствените чувства и размислувања да ги преточи во текст. | Пишување сопствен текст | | • Составување краток текст за конкретен предмет (на пр., за книга, цвет и сл.);<br>• составување текст за поздравен говор;<br>• замислување и раскажување –што би било кога..(..би бил/а невидлив/а; ..би живеел/а во пештера;..би се претворил/а во птица);<br>• организирање на активности за пишување текст инспириран од слушана музика или набљудувана уметничка слика;<br>• измислување текст на одредена тема. |
| • Да се поттикнува да учествува во драматизирање на краток текст;<br>• да се поттикнува да составува кратки текстови за драматизации. | Играње улоги | | • Драматизирање на краток текст: поделба на улогите, учење на улогите, организирање на условите, драматизација;<br>• група ученици пишуваат кратки текстови за неколку улоги (на пр., случка од животот на одделението) кои подоцна ќе ги играат. |
| • Да се оспособува да осмисли и создаде краток стрип. | Стрип | Стрип | • Раскажување на гледан стрип (без зборови), а потоа составување на текст врз основа на кој ќе се нацрта стрип. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да се поттикнува да учествува во заедничко, групно создавање книга применувајќи ги веќе стекнатите знаења;<br>• да се запознае со алманах и неговото значење како вид книга за зачувување на спомените;<br>• да се поттикнува да создава алманах. | Создавање книга<br><br>Креирање алманах | Алманах | • Собирање на текстови напишани од учениците во одделението, договарање за илустрации, начин на подврзување на книгата и реализирање на договореното.<br><br>• Разговори за спомените од училишниот живот, случките, шегите и сл. Создавање на алманах за своето одделение (текстови, фотографии, пораки и сл.). |
| • Да се поттикнува да учествува во создавање на училишно списание. | Детско списание | Рубрики | • Пишување текстови за различни детски списанија;<br>• формирање редакција, договарање и поделба на задолженија за уредување на детско списание (подготовка на текстови, техничко уредување, вметнување илустрации); изготвување на еден број. |

| ТЕМА: МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се оспособува да ја изрази својата музичка мисла преку пеење или свирење на некој инструмент кој го познава, согласно своите можности и способности; | Сопствена музичка творба | Сопствена музичка творба | • Откривање деца кои можат да ја изразат, односно репродуцираат својата музичка мисла и истовремено давање поддршка на истите во развивањето на смислата за создавање сопствени музички креации;<br>• продолжување на недовршена песна- која ја започнува наставникот или некој ученик/ученичка, а останатите ученици се надоврзуваат и внесуваат измени според своја замисла. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да се поттикнува да направи аматерски тонски запис на сопствената музичка мисла. | Правење аматерска аудиодемо снимка на сопствената творба | | • Заедничко измислување на песна која се снима, преслушува и поправа-разубавува;<br>• измислување на песни (текст и музика) за некоја свеченост, за поздравување на родителите, за наставникот, за музичка драматизација и сл.;<br>• создавање на химна на одделението, на училиштето;<br>• измислување на музички дијалози во планираната драматизација;<br>• избирање и изведба на звучни, музички ефекти за различни претстави и манифестации во училиштето (драматизација, театарска претстава, приредба за крај на учебната година, патронен празник и сл.);<br>• снимање на касетофон, диктафон на секоја музичка идеја, музичка мисла;<br>• изведба на сопствените музички творби пред членовите на групата, но и слушање на претходно направениот тонски запис. |
| • Да се развива чувството за заедничко музицирање, согласно можностите на учениците. | Групна интерпретација на кратка популарна музичка композиција. | Изведба | • Избирање композиција која ќе биде изведувана, од страна на помала група ученици. Композицијата може да биде интерпретирана вокално или инструментално (со инструментите кои ги поседува училиштето); индивидуално вежбање на композицијата; колективно вежбање на композицијата и јавна изведба пред помал аудиториум. |

| ТЕМА: МУЗИКА И ДВИЖЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги поврзува елементите во склад со ритамот;<br>• да ги усовршува основните чекори и начини на движења и да ги модифицира, согласно своите можности.<br>• да се воведува во спознавање на патот на творење на музичко сценско дело;<br>• да се развиваат кај ученикот ритмички и грациозни движења усогласени со различни видови на музика;<br>• да се поттикнува да учествува во танцови драматизации. | Изведување кореографија на современа музика<br><br>Изведување на мјузикл | | • Избирање на музика по желба на учениците: составување на своја кореографија (на пр., националната спортска химна и сл.); увежбување и усовршување на својата кореографија;<br>• избирање музика и создавање на своја кореографија на ритмичка вежба придружена со музиката (на пр. вежба со топки, обрачи, ленти и сл.);<br>• учествување на некој училиштен или локален празник со научената кореографија;<br>• во соработка со сите членови кои ги посетуваат часовите по творештво и наставникот пишуваат текст, внимателно одбираат музика, актери-танчари, режисер, кореограф, сценограф и го творат краткиот мјузикл;<br>• составување на кореографија за музичкиот дел од мјузиклот со примена и усовршување на веќе изучените чекори и танци;<br>• увежбување и усовршување на мјузиклот;<br>• договарање на заедничкото учество во танцови драматизации, кои се синтеза на детското творештво во различни активности: моторички (усогласени движења - на пр., со топки, обрачи, ленти); музички; ликовни (изработка на детали од костуми, маски, делови за сценографија и сл.); говорни (сценарио за претставата) и сл.;<br>• учествување во приредби, претстави според планот на училиштето или во локалната средина и пошироко (на пр., во збратимени училишта надвор од своето место). |

| ТЕМА: ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• повешто да ги применува цртачките техники по сопствен избор, при реализација на своите замисли. | Цртање | | • Изработување на корици на книгата за народно творештво;<br>• цртање на честитки за Нова година, за роденден на соучениците, родителите и други поводи;<br>• цртање на постери, плакати за училницата и училиштето;<br>• илустрирање на текстови (свои и на други автори);<br>• изработување на корици на книгата за народно творештво, како и за алманахот;<br>• цртање на краток стрип и илустрации за училиштен весник;<br>• цртање на лого на одделението, училиштето;<br>• цртање на еколошки беџ на хартија направена од ученици од погорните одделенија со рециклирање и сл.;<br>• цртање предлог за училишна униформа. |
| • Повешто да ги применува сликарските техники по сопствен избор при реализација на својата замисла. | Сликање | | • Сликање на покани, постери, цртежи за разубавување на училиштето;<br>• сликање врз хартија добиена со рециклирање од страна на ученици од погорните одделенија (изработка на покани, честитки и сл.);<br>• илустрирање на текстови (свои и на други автори), изработување на корици на книгата за народно творештво, алманах; илустрации и насловни страни за училиштен весник;<br>• украсување на предмети кои самите ги направиле од глина, фемомаса и сл.;<br>• украсување на предмети (теракота) инспирирано од народното творештво и обичаите од различни култури;<br>• сликање елементи на својот костум за драматизација, учествување во изработување на сценографија и сл. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да истражува и открива својства на нестандардни ликовни материјали за цртање и сликање и тие сознанија да ги користи при сопственото ликовно изразување. | Ликовни истражувачк и активности | | • Сликање и цртање на различни подлоги, како на пр., текстил, камен, дрво, картон, стакло, керамичка плочка и сл.;<br>• откривање на својствата на различни материјали и користење на тие сознанија за изработување на свој цртеж или слика. |
| • Да истражува и открива својства на различни материјали што можат да се преобликуваат во разни форми;<br>• да се оспособува на различни начини да претставува тродимензионален простор во соодветен сооднос. | Обликување на просторот | | • Изработување на различни предмети од глина, глинамол или фемомаса;<br>• обликување и компонирање од веќе оформени природни облици како што се: гранки, плодови, семиња, лисја, мешунки, суви стебленца на полски растенија и сл.;<br>• користење на речиси сите богати можности на различните видови на хартија за творечко изразување: хартија со различна мекост (целофан, креп хартија, циклостил, хамер, картон); различна амбалажа (од кутии, ребрест картон); хартиени ленти со различни облици; папир- маше (формирање на различни облици, изработка на маски, кукли за театар на маса, ликови од приказни, велигденски јајца, украси за елка и др.); оригами и сл. |
| • Да се оспособува да применува некои елементи и техники на применетата уметност во работата со различни материјали, изработувајќи различни предмети што имаат и естетски квалитети. | Дизајн | | • Изработување на подароци за роденден на другарчињата, различни кутии и амбалажи за подароци, вазни, рамки за слики и цртежи, кутии за моливи, за четки и бои, кутии за чување ситни предмети, украси, подароци за постари лица, деца без родители, за различни хуманитарни акции и др.;<br>• изработување на предмети за секојдневна употреба, украси и сл. од отпаден материјал (кутии, картонски влошки за јајца, делови од дрвени штипки, стиропор, јута, коноп, мека жица и сл.);<br>• изработување на маски и костуми за Денот на шегата;<br>• изработување на делови за костуми и предмети потребни за сцената кога ќе изведуваат драматизација, за различни приредби и прослави и сл.;<br>• изработување на кукли за куклени претстави, што ќе ги подарат на помалите ученици и сл. |

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Целите и активностите од изборниот наставен предмет творештво во петто одделение се надоврзуваат на оние што се реализирани во четврто одделение. Учениците, се разбира, можат и за прв пат во петто одделение да го изберат овој наставен предмет. Во наставата по предметот *творештво* наставникот не би требало кај учениците да ги попречува невообичаените идеи, мислења и неверојатните претпоставки како извор на творечко мислење. Секогаш треба да ги поттикнува учениците слободно да се изразуваат, а секоја нивна творба треба позитивно да се вреднува. Во ниеден облик на творечкото изразување од учениците не се инсистира на копирање на готови модели и користење на шаблони.

При реализацијата на програмата непосредните реализатори мора да поаѓаат од развојните можности и интереси на децата од 10 до 11 -годишна возраст и, се разбира, неопходно е да се почитуваат индивидуалните можности, способности и интереси на секој ученик/ученичка одделно.

За реализацијата на целите наставниците треба да организираат практични манипулативни и истражувачки активности на учениците: манипулација со материјали, предмети, истражување на ликовни и музички својства на средствата и материјалите, разложување, составување, конструирање, истражување на сопствените моторички способности, гласовни можности, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл.

Во однос на дидактичко – методичкото обликување на наставниот час, ја нагласуваме потребата од максимална примена на дидактичката игра и истражувачките активности на децата. Притоа пожелно е да се применува групната и индивидуалната форма на работа, а најмалку фронталната. Многу е важно да се обезбеди пријатна и опуштена атмосфера во училницата, во која учениците слободно и со задоволство ќе изнесуваат свои идеи и ќе ги реализираат, а, исто така, ќе ги прифаќаат и почитуваат идеите и творбите на соучениците.

Најпрвин наставникот, имајќи ги предвид сознанијата за секој ученик/ученичка и разговорите што ќе ги води индивидуално со нив ке помогнат со секој/а од нив ќе му/ѝ помогне на секој/а ученик/ученичка да се вклучи во соодветни активности.

Поради различните интереси и можности на учениците во паралелката, програмата условно е поделена на четири дела: говорно, ликовно, музичко творештво и музика и движење, така што сите ученици ќе изберат што најмногу ги интересира и каде се чувствуваат најсигурни, во рамките на 36 часа годишно на овој предмет. Така, по согледувањето на интересите на учениците ќе се одберат подрачјата и целите кои ќе бидат реализирани и заедно ќе се договори годишната програма на сите активности во паралелката (конкретни активности, рокови, одговорни ученици, начини на презентација). Се разбира дека во текот на годината можат да се вклучуваат и во други активности, иако на почетокот на годината за нив не биле заинтересирани - најважно е да го задоволат својот интерес и да чувствуваат задоволство во реализација на активностите. Пожелно е активностите на учениците да бидат меѓусебно поврзани (на пр., група ученици ќе пронајде или ќе напише свој текст за драмска претстава и ќе напише плакат и покани, друга група ученици ќе се погрижи за цртање на плакатот, поканите, изработка на реквизити, делови од костумите и сценографијата, друга група ученици ќе изведува звучни ефекти, ќе одбере музика што ќе ја придружува претставата, а до колку можат и ќе пеат или свират на детски или други инструменти). Доколку има повеќе од три паралелки на петто одделение во училиштето наставниците можат да се договорат и да формираат различни групи, според сопствениот афинитет и интересите на учениците.

Наставата по творештво може да се реализира на различни места (специјализирани училници, сала во училиштето, ателје и други различни простории), но најчесто во соодветните катчиња во училницата.

Би било добро уметничкото, јазичното, етнолошкото и музичкото катче да ги имаат сите средства и материјали согласно Нормативот за простор, опрема и наставни средства. За ликовното творештво ќе се користат и природни материјали собрани од прошетките во природата, посетите на различните институции, фабрики, материјали донесени од родителите (природни и отпадни материјали- како на пример, кутии, парчиња текстил, различни видови хартија, мека жица, семиња, шишарки од елка, костени, чипки и бисерчиња (монистра) со различна големина, форма и боја, конец со различна боја и дебелина, волница и сл.).
Сите ученички творби треба позитивно се оценуваат и треба да бидат презентирани пред целата паралелка, останатите ученици во училиштето, родителите, па и пошироко. ќе се организираат презентации по повод различни празници во училиштето, продажни изложби на творбите во име на хуманитарни акции и сл. Добро е да се воспостави соработка со помалите и постарите ученици од училиштето и другите институции во локалната самоуправа. Така, куклите и маските што учениците ќе ги направат можат да се подарат на помалите ученици, маските, костумите за денот на шегата, украсите, честитките и предметите за секојдневна употреба можат да се подарат на други деца и возрасни (на пр., на деца без родители, на лицата во домовите за стари лица и др.). Хартијата што ќе ја направат повозрасните ученици (на пр., од шесто одделение) со рециклирање во рамките на предметот природни науки и техника, ќе можат да ја користат учениците од четврто и петто одделение за сопствено ликовно изразување.

***Избраниот наставен предмет творештво во V одделение се изучува со по 1 час неделно, односно 36 часа годишно.***

# 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да се оценат постигањата на ученикот/ученичката неопходно е:

- ❑ да се разговара со ученикот/ученичката и да се добијат сознанија за претходните искуства и интересите за различните видови на детското творечко изразување;
- ❑ да се набљудува (постојано и навремено) ученикот/ученичката додека манипулира со конкретни предмети,
средства, материјали, инструменти, додека творечки се изразува, за време на презентацијата и сл.;
- ❑ да се следи континуирано односот на ученикот кон работата, соработката со врсниците, покажаната иницијативност, љубопитност, упорност во реализацијата на избраните активности.

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето во текот на наставата наставникот ги цени постигнувањата на секој/а ученик/ученичка поединечно и ги формулира во описна и бројчана оценка. Основен критериум при оценувањето е учеството, залагањето и соработката со другите ученици, а не крајниот резултат (продуктот) од активностите.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и на наставни средства за I до VI одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по *творештво* во петто одделение може да ја изведува лице кое завршило:
• Педагошки факултет – професор за одделенска настава;
• дипломиран педагог.

## 7 КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

» Љиљана Самарџиска – Панова, советник во БРО, координатор
» д-р Снежана Димчевска, Факултет за музичка уметност - Скопје
» Веселинка Радева, ЈУДГ „Астибо“ – Штип
» Лидија Нарашанова-Смилевска, ОУ„Кочо Рацин“ – Скопје
» Марија Митева, ОУ„Ј. Х. Песталоци“ - Скопје

Наставната програма по *творештво* за петто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4087/1 од 22.05.2008 година.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# РАБОТА СО КОМЈУТЕР

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 25 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08 и 33/2010) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по предметот *работа со компјутер* за V одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ВОВЕД

Наставниот предмет работа со компјутер претставува составен дел на концептот за деветгодишното основно образование. Започува да се изучува во трето, продолжува во четврто и завршува во петто одделение како изборен наставен предмет, застапен со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.
Наставната програма во петто одделение се реализира со помош на образовниот софтвер ToolKid и други образовни софтвери  кои се соодветни за возраста и наставната програма. Програмата е организирана така што учениците преку нејзиното користење можат да ги прошират своите познавања од информатичката писменост и култура. Преку разновидните програми од овој образовен софтвер, учениците имаат можност да стекнат понапредни знаења и вештини за работа со компјутер. Преку користење на Натавничкиот модул, Уредувачот на ликови и користење на Интернет мрежата учениците имаат можност да создаваат мултимедијални проекти и да ги користат можностите кои ги нуди Интернетот.
Сите мултимедиски апликации наменети за образованието сѐ со цел да го помогнат учењето и да поттикнуваат творечки ентузијазам кај учениците што доведува до лесно и брзо усвојување на наставниот материјал.
Појавата на Интернетот и другите компјутерски мрежи, посебно образовните програми, секојдневно го менуваат животот на оние кои се корисници и овозможуваат Интернетот да се користи како најбогат извор на информации и најбрза комуникација со сите корисници.

**Забелешка:** *Наставната програма работа со компјутер во петто одделение на деветгодишното основно училиште ќе се реализира со учениците кои во учебната 2011/12 година ќе следат настава во петто одделение.*

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:
- ❑ да се запознае со постапките за создавање на комбинирани компјутерски проекти;
- ❑ да знае да ги зачува мултимедијалните проекти и да може да ги користи;
- ❑ да ги познава и почитува основните правила за пребарување на Интернет;
- ❑ да знае како да дојде до бараната информација и да ја зачува во компјутерот;
- ❑ да знае како се отвора Интернет адреса;
- ❑ да се запознае со различни начини на комуникација со помош на Интернет;
- ❑ да стекне вештини за комуникација преку Интеренет (пребарува, зачувува, пренесува и прима информации);
- ❑ да ја осознае улогата и значењето на компјутерскиот систем и информатичката технологија во животот на луѓето;
- ❑ да ги почитува основните здравствени и етички правила при работа со компјутер.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА I: КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ И ИНФОРМАТИЧКАТА КУЛТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги познава деловите на компјутерскиот систем и да го објаснува нивното функционално значење;<br>• да знае да создава, креира сопствена папка во која ќе ги групира информациите;<br>• да се оспособи за создавање, обработување и збогатување на графички, текстуални и музички информации;<br>• да се оспособи да ги користи сите можности на образовниот софтвер | Делови на компјутерскиот систем и нивната функција<br><br>Создавање на папки и подредување на информациите<br><br>Уредувач на ликови<br><br>Наставнички модул | Хардвер<br><br>Софтвер<br><br>Уредувач на ликови<br><br>Наставничк и модул | • Игровни активности каде ученикот ќе има можност да ги именува и споредува деловите на компјутерскиот систем ( драматизации, квизови и слично).<br>• Вежби во собирање и групирање на информации и нивно сместување во папки.<br>• Работа со уредувачот на ликови: менување и создавање на нови ликови.<br>• Работа преку наставничкиот модул: правење измени во дел од програмите во софтверот ToolKid. |

<table>
<tr><th colspan="4">ТЕМА II: ГРАФИЧКИ АНИМАЦИИ И КОМБИНИРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ</th></tr>
<tr><th>Цели</th><th>Содржини</th><th>Поими</th><th>Активности и методи</th></tr>
<tr><td>Ученикот/ученичката:<br>• да користи програми за комбинирање на графичка изработка, текст, звук или анимација;<br>• да ги избира соодветните алатки за создавање на одделни елементи кои се неопходни за работа во комбинирањето на комјутерскиот документ;<br>• да ја објаснува последователноста на дејствата кои треба да се извршат за реализирање на комбинирањето на комјутерските документи, содржина, графичка изработка, текст или анимација;<br>• компјутерски документ;<br>• да реализира зададени проекти од страна на наставникот со изучените алатки и програми;<br>• да знае да зачува комбинирани информации (текст, звук, анимација, слика) во определена папка.<br>• да се оспособи за барање на сочуваниот материјал во соодветна папка преку дијалог прозорецот;<br>• да реализира сопствени идеи и тематски проекти.</td><td>Комбинирни компјутерски информации<br><br>• слајд –презентација<br>• стрип<br>• филм<br><br>Тематски проект<br><br>Мојот проект</td><td>Мултимедија<br><br>Слајд<br><br>Проект</td><td>• Вежби за повторување на карактеристиките на различните видови на информации со реализација на посебни проекти, различни по природа така што ќе дојде до израз познавањето за текст, звук, компјутерска графика, анимација.<br>• Преземање на готови ресурси од Интеренет, создавање на нови ресурси и нивно комбинирање.<br>• Изработка на проекти кои вклучуваат графика, текст, звук и анимација.<br>• Создавање сопствени проекти при кои се почитувани фазите на изработка на еден проект<br>(планирање, реализирање и претставување на проектот).</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th colspan="4">ТЕМА III: КОМУНИКАЦИЈА И ИНТЕРНЕТ</th></tr>
<tr><th>Цели</th><th>Содржини</th><th>Поими</th><th>Активности и методи</th></tr>
<tr><td>Ученикот/ученичката:<br>• да се запознае и да ги почитува правилата за работа со Интернет;<br>•да знае како се вчитува Интернет страница и да ја (меморира) запишува адресата;<br>• да користи клучни зборови за барање на информација од Интернет;<br>• да умее да собере информации од Интернет и да ги зачува во претходно определена папка;<br>• да знае дека до бараната информација може да дојде на најразличен начин или по најразличен пат;<br>• да се оспособи да отвори своја електронска адреса;<br>• да се користи Интернетот во вид на електронска пошта.</td><td>Правила при работа со Интернет<br><br>Вчитување и меморирање на Интернет страница<br><br>Користење на Интернет услуги<br><br>Барање информации<br><br>Симнување на информации<br><br>Зачувување на информации<br><br>Електронска пошта</td><td>Интернет услуги<br><br>Безбедност на информациите<br><br>Интернет комуникација<br><br>Електронска пошта<br><br>Електронска адреса<br><br>Корисничко име<br><br>Лозинка</td><td>Наставникот организира и демонстрира вежби и активности со кои им помага на учениците:<br>•да ги користат компјутерските алатки за полесен пристап до информациите од Интеренет страниците;<br>• да го користат уредувачот на ликови: превземање на готови ликови од Интернет и нивна доработка;<br>• да креираат своја електронска пошта (е-маил);<br>• да примаат и да испраќаат електронска пошта.<br><br>Учениците:<br>• избираат компјутерски алатки;<br>• применуваат постапки;<br>• внесуваат податоци;<br>• пребаруваат Интернет страници;<br>• преземаат слободни ресурси, податоци од Интернет;<br>• зачувуваат информации, податоци;<br>• создаваат своја електронска пошта;<br>• разменуваат информации.</td></tr>
</table>

# 4. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката стекнал основни знаења ако:

• ја знае улогата и значењето на компјутерскиот систем и информатичката технологија во животот на луѓето;
• ги почитува основните здравствени и етички правила при работа со компјутер;
• создава комбинирани компјутерски проекти;
• зачувува мултимедијални проекти и истите ги користи;
• креира проекти зададени од наставникот или по сопствени идеи;
• ги познава и почитува правилата за работа со интернет;
• вчитува Интернет страница и ја (меморира) запишува адресата;
• користи електронска адреса;
• прима и испраќа електронска пошта;
• користи клучни зборови за барање на информација од интернет;
• собира информации од Интернет и ги зачува во определена папка;
• доаѓа до информации користејќи различни начини и патишта;
• знае дека до бараната информација може да дојде на најразличен начин или по најразличен пат.

# 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Во наставната програма целите во наставните теми се планирани така што има постапност во информатичката писменост и работа. Понудените содржини во програмата се поврзани со софтверот и овозможуваат постапно запознавање на учениците со компјутерот, неговите делови и можности за работа. За успежшна примена на наставната програма во ИТ неопходно е да се определат практичните и конкретните задачи прилагодени за возраста и интересите на децата со кои се среќаваат со секојдневието.Врз таа основа се формираат неопходните информативни знаења и умеења и се воведуваат соодветните термини и поими на мајчин јазик. Неопходно е поимите за работа со компјутер да се восприемат од содржината, а соодветните термини да се употребуваат правилно во различни контексти. Новите поими се формираат и се надополнува во чекор со разновидните практични активности. На учениците не им се нудат секогаш конкретни и готови решенија, туку треба да се поттикнуваат слободно да се изразуваат и неопходно е да се почитуваат индивидуалните можности, способности и интереси на секој ученик одделно. Во работата треба да се даде можност за развој на креативните можности на секој ученик.
Дел од своите трудови учениците треба да ги зачуваат во папки. При примената на програмите од едукативниот софтвер секогаш треба да се имаат предвид трите елементи: ученикот, компјутерот и наставната програма. Ниту еден од овие елементи не смееме да дозволиме да доминираат.
Наставата се изведува во посебни услови кои придонесуваат учењето да биде интересно, мотивирачко и возбудливо.
За успешна реализација се користат прирачниците за работа со компјутер.

# 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за работа, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата (формативното оценување).
При следењето на постигањата на учениците наставникот треба особено да внимава на индивидулниот пристап во работата на секое дете. Тоа значи да се следат и индивидуалните постигнувања на секое дете. Приоритетно се оценуваат умеењата на учениците во процесот на извршувањето на конкретната задача. Се препорачува при следењето и оценувањето на постигањата на учениците наставникот да користи посебни листи за набљудување. Тие листи да содржат критериуми и показатели за знаењата, умеењата. Однесувањето, неопходни за реализирањето на одредената задача.
Постигањата на учениците во петто одделение се оценуваат комбинирано со описна и бројчана оценка, а на крајот на наставната година се изведуваа бројчана оценка.

# 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за I-VI одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.
Часовите по наставниот предмет *работа со компјутер* се реализираат во училница во која се носат мали лаптопи или во информатички кабинет.

# 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во петто одделение може да ја изведува лице кое завршило:
• Педагошки факултет – професор за одделенска настава;
• дипломиран педагог.

# 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Изработил: стручен тим според решението број 02 – 475/2
Контролирал: д-р Насе Кондовски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор

Наставната програма по *работа со компјутери* за петто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-522/3 од 23.06.2010 година.